бр.7467, КП бр.7496, КП бр.7495. Свртува на југ по југо источната граница на КП бр.7494, КП бр.7493, КП бр.7492, па свртува на запад и оди по јужната граница на пат со КП бр.7485 и свртува на југ по источната и јужната граница на КП бр.3/2, по источната граница на КП бр.11, ја сече КП бр.21, па оди по источната граница на КП бр.22, и КП бр.39, го сече каналот и ја сече КП бр.41, КП бр. 59, ја заобиколува КП бр.55 од источната страна и продолжува на исток по северната граница на КП бр.43, па свртува на југ по северната граница на р. Тракајна по нејзината северозападна граница оди кон запад се до патот КП бр. 8032 и по неговата источан страна се спушта на југ се до КП бр. 7655, тука го сече истиот ја заобиколува КП бр. 7655 и по нејзината југозападна страна оди до патот КП бр. 8034, го сече и оди на север по неговата западна страна. Тука свртува на запад сечејќи ја Кп бр. 7864 се до патот КП бр. 7863, го го сече истиот и по југозападната страна на КП бр.7857 продолжува на исток па делумно ја сече КП бр. 7856 и го сече патот КП бр. 7825 па на север оди по неговата западна страна, се до КП бр. 7812, па го сече патот КП бр. 7613, ја сече КП бр. 7814, па продожува по јужната страна на КП бр. 7810; 7809; ја сече КП бр. 7776 и продолжуав по јужната страна на КП бр. 7783; 7781 и по нејзината западна страна оди на север по западните страни на КП.бр. 7782; 7789; 7790; 7791и откаако го сече патот ја заобиколува КП.бр. 7737 и продолжува по југозападната страна на КП. Бр.7735; 7720; 7717; 7712 и по западната страна на патот оди на севєр до КП бр. 6239; 6242; 6241; 6240; 6239 ја заобиколува КП бр. 6239 прво свртувајќи кон северо-запад а потоа кон северо-исток и доаѓа до КП бр.6234. Од овде оди по западните граници на КП бр. 6234 и продолжува по југо-западната граница на КП бр. 6220. Доаѓа до КП бр. 5507 и оди по неговата западна граница, минува и покрај западната граница на КП бр. 5506 и источната граница на КП бр. 5505 каде свртува кон северо-запад минувајќи покрај КП бр. 5505 и 5503. Од овде свртува кон северо-исток минувајќи покрај КП бр. 5504 и 5503 од каде пак скршнува кон северо-запад минувајќи покрај КП бр. 5504 и 5499. Од овде ја заобиколува КП бр. 5499 одејќи по северо-западната и југо-западната граница доаѓајќи до КП бр. 5483. Ја заовиколува КП бр. 5483 минувајќи покрај КП бр.5483; 5480 и 5478. Од овде минува покрај КП бр. 5478 и 5477, ја заобиколува КП бр. 5477 од кај нејзината југо-западна и северо-западна граница. Ги опфаќа градежните парцели бр. 30; 29; 28; 27; 26 и 25 од блок бр.8 и продолжува помеѓу КП бр. 5192; 5191; 5190 и ридот. Потоа ја пресечува КП бр. 5193 (појот) и оди помеѓу КП бр. 5189 и 4708. Продолжува помеѓу КП бр. 4708 (ридот) и КП бр. 5193; 5188; 5183; 5182; 5180; 5179; 5178; 5166; 5168; 5177; 5176; 4713; 4712; 4711; 4710; 4709; 4707; 4706; 4705; 4704; 4702; 4701; 4699; 4698; 4697; 4696; 4695; 4694; 4693; 4692/2; 4691; 4690 и 4689. Од овде ја сече ул."Крушевска Република " и појот КП бр. 6275 и оди покрај јужната страна на КП бр. 4659 и доаѓа до КП бр. 4581 т.е. регулираното корито на појот кој е свртен од ул."Кирил и Методи". Продолжува покрај каналот и КП бр. 4580 доаѓа до КП бр. 4591. Продолжува покрај КП бр. 4580 (ридот) и КП бр. 4591; 4590/1; 4589; 4588 и пак покрај КП бр. 4581 (каналот) и ридот КП бр. 4580. Овде ја сече ул."Кирил и Методи" помеѓу КП бр. 4579 и 6359 и излегува на ридот "Цареви Кули". Продолжува кон северо-исток помеѓу КП бр. 4578/1 и 6359; 4571; 4568 и доаѓа до КП бр. 4566. Овде свртува кон северо-запад покрај ридот КП бр. 4578 и КП бр. 4566; 4565; 4402; 4400; 4397; 4395; 4394; 6358 и доаѓа до "Ловен Дом" до КП бр. 4575. Ја заобиколува КП бр. 4575 минувајќи покрај КП бр.4576; 4575; 4572 и продолжува покрај КП бр.4572 и КП бр. 4290 (патчето); 6356 ул "Партизанска"; КП бр. 4203; 4204; 4202; 4201; 4200; 4199; 4198; 4197; 4196; 4154; 4153; 4152; 4150; 4151/1; 4145/2 и доаѓа до ул "Васил Главинов". Ја сече ул."Васил Главинов" и јужното ќоше на КП бр. 4144. Од овде границата продолжува кон север и минува покрај ридот на КП бр. 7146 и КП бр. 4144; 4143; 4142; 4121; 1074; 1068/1; 7083; 7088; 7089; 7090; 7091; 7092; 7093; 7094; 7095; 7096; 7097; 7098; 7099; 7100; 7103; 7104; 7105; 7109; 7113 потоа продолжува кон запад од север покрај КП бр. 7114; 7115; 7116; 7117; 7126; 7131; 7133; 7134; 7135, а од јужната страна покрај северната граница на КП бр. 7144; 7146; 7143; 7137/1;7137/2 и 7136 и излегува на асфалтираниот пат Струмица-Баница- Вељуса КП бр. 8029. Овде го сече патот и доаѓа до КП бр. 6969 од КО Струмица и од другата страна на КО Баница. Продолжува по границата на двата атара кон север се до КП бр.6961.

Оди по северната граница на КП бр.6961, па оди на север по источните граници на КП бр.6960, по северната граница на КП бр.6952, покрај патот и оди кон север по северо западната граница на КП бр.6951, КП бр.6936, КП бр.6932, КП бр.6931, КП бр.6715, КП бр.6714, КП бр.6713, кон север по источната граница на КП бр.461, КП бр.458, КП бр.478 и на север по границата на КП бр.478, КП бр.454, КП бр.426, КП бр.427, КП бр.428, КП бр.430, КП бр.433, КП бр.434, КП бр.435, КП бр.436, КП бр.437, КП бр.438, КП бр.6638, КП бр.6635, КП бр.6951 ипродолжува на север по западната граница на реката па се до границата со КО Добрејци од каде што почна описот на планскиот опфат.

Во овие граници површината на градежното земјиште ќе изнесува 1061,00ха

В. ПРОГРАМСКИ ПОСТАВКИ НА ИДНИОТ РАЗВОЈ

1.ДЕМОГРАФСКИ РАЗВОЈ

1.1. Население до 2020година

Населението на град Струмица, од 1948 до 2002 година се зголемило за 3,2 пати, т.е. истото од 10.868 пораснало на 35.311 жители. Највисок пораст населението на Струмица имало од 1953 до 1981 год., додека во периодот од 1981- 2002 година порастот на населението е многу посмирен. Последниот попис од 2002 година покажува дека бројот на жителите од 1994 година кој изнесува 34.067 жители до 2002 год. се зголемил на 35 311жители (само за 1244жители).

Стабилизирање на движењето на населението во најголем дел е резултат на смирената динамика на миграција село - град што е последица на настанатите политичко - економски промени во Република Македонија, особено после 1990 година.

Ако се имаат во предвид настанатите околности, во наредниот период порастот на населението во градот треба да се очекува во најголемиот дел од природниот прираст, а многу помалку од механичкиот прилив.

Природниот прираст на бројот на жителите може да се согледа од следниот табеларен приказ.

Табела 1. Пораст на населението од 1971 до 1991 год. и прогноза на растењето од 1991 до 2020година

Година	Зголемување		Природен прираст		Механички прилив	
	Број	%	Број	%	Број	%
1971-1981	6.229	27.0	4.108	17.8	2.121	9.2
1981-1991	5.161	17.5	4.253	14.5	880	3.0
1991-2001	4.730	13.8	4.260	12.4	470	1.4
2001-2011	5.121	11.6	4.564	10.3	557	1.3
2011-2020	2.021	6.7	1.826	6.00	223	0.7
Вкупно:	23.262	76.6	19.011	55.0	4.028	14.9
Прогнозирано	11.900	25.4	8.824	22.7	1.027	2.7

Евидентно е драстично намалување на природниот прираст во периодот од 1981 го 1991 год.

Според некои автори пожелен прираст се движи во рамките од 0,8% - 1,5% годишно. Ако падне под 0,8% се доведува во прашање нормалната биолошка репродукција и отпочнува процес на стареење на населението, т.е. поголемо процентуално учество на старосни групи преку 60 год.

Природниот прираст преку 1,5%, создава проблеми во сверата на материјално производство, односно зголемени се контингентите на најмладото и младо население за чие издржување и воопшто култивирање се потребни големи материјални средства што треба да се создаваат во сверата на материјалното производство и издвојуваат за таа намена, како и нагло да се зголемува бројот на нови работни места, за нивно вработување.

Стапката на стареење, пак ќе ја одредиме од односот на бројот на популацијата над 60 години со младото население од 0-19 години старост, која треба да се движи во граници од 0,20-0,40. Ако е под 0,20 значи дека доминира младото население, ако пак е над 0,40 се смета дека популацијата е стара. Ова ќе го дадеме во табела.

Табела бр. 2. Коефициент на стареење

Пописни Години	Вкупен број На жители	Население од 0-19 год. број	%	Население над 60 год. број	%	Кофициент на стареење
1991	34.424	11.650	33.84	3.398	9.87	3.398 :11.650= 0.29
1994	34.067	11.128	32.67	3.856	11.3	3.856: 11.128= 0,34
2002	35.311	12.478	35.34	6.206	17.6	3.856: 11.128= 0,50

Од оваа табела се гледа дека во град Струмица младата популација во 1991 год. е поголема и процесот на стареење постепено се зголемува во 1994 год., за разлика од периодот од 1994 до 2002 год кога процесот на стареење се зголемува со поголема брзина.

Треба да се очекува дека градот нема значително да расте по пат на механички прилив од селата од и вон од општината, затоа што во воспостаување на нова територијалната поделба и формирање на повеќе нови општини на подрачјето на сегашната, населението ќе се задржува во населените места. Целта на оваа тетиторијална поделба, покрај другото е да се намали механичкиот прилив на населението во градот, да заживеат повторно селата а новите општини да прераснат во урбани центри.

Со ценење на сите релевантни фактори направена е прогноза на движењето на населението до 2001 година во Струмица ќе живеат 39.154 жители. Според истата Струмица во 2020 година се предвидува да има 46.296 жители.

Во периодот од 1991 до 2020 год, се предвидува населението на Струмица да се зголеми за 9.851 жители. Во просек годишно ќе се зголемува за 1.34% (1.38% до 2001 и 1.31% до 2020 год.)

Од претходната табела се гледа дека механичкиот прилив е многу мал, а ако се изанализира и податокот дека во 1991 година во Струмица живееле 34.424 и 34.067 во 1994 година или 357 жители помалку, може да се констатира дека во Струмица има и одлив на население. Спреме тоа очекуваниот пораст на бројот на жителите со постојниот ГУП до 2002 год. не е достигнат. Се претпоставува дека единствената причина за тоа е големите општествени промени во државата во последните 10 години кои пак се причина за исселување на голем број жители и тоа надвор од границите на Македонија.

Значи во 2020 година во Струмица се очекува да живеат 46.296 жители.

1.2. Демографски развој до 2020 година

Прогноза на движење на населението може да се направи и со анализа на постојната состојба за некои контингенти на населението за период од 2002-2020 год. Истото е прикажано во табела:

Табела бр. 3. Предвидувања за некои контигенти на населението на Струмица до 2020 година

Контигенти на Населението	Број на жители по старост	%
0 - 6	3.704	8.00
7-14	4.630	10.00
15-19	2.870	6.20
20-24	3.704	8,00
25-64	24.028	51.90
Над 64 години	9.061	15.90
Вкупно:	46.296	100.00

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА * ОПШТИНА СТРУМИЦА

Од оваа табела се гледа дека во 2020 година во Струмица 32,2% од населението ќе бидат деца, а 51,9% ќе претставува работоспособното население, а 15.9% старо населени.

Се очекува активно население да биде 24.028 од кои 13.372 мажи, а 10.656 жени.

Издржувано население 16.647, а лица со личен приход 6.194 жители или 13,38 % од вкупниот број на жители во Струмица .

Од вкупниот број на население 8% или 3.704 жители би требало да е со муслиманска вероисповед.

2.ОПШТОСТОПАНСКИ РАЗВОЈ

Општостопанскиот развој ќе биде обработувано врз база на наша анкета во поголемите претпријатија, бидејќи од Министерството за развој добивме писмо во кое се вели дека тие не изработуваат проекции за можен развој на градови и општини. Истото ќе го приложиме во текстуалниот дел на планот.

Со укинување на некогашните одделенија за план и анализа при секретарјатите за стопанство во општинските собранија, настана прекин во следењето на стопанските текови во некои гранки и во целина. Планирањата во поедини организации го даваат патот кон развојот во други правци во стопанството. Секое проширување на капацитетите, како отварање на нови погони доведува до зголемување на вработеноста.

При планирањето на развојот на стопанството се наидува на тешкотии и поради состојбата на транзиција во државата. Секојдневно се отвараат нови приватни претпријатија, со свои дејности и вработувања, но и замираат многу претпријатија и дејности. Тоа повлекува намалување на вработеноста, а големите погони остануваат празни. Во овој период сведоци сме за закупување на постојни простори, за отварање на нови фирми. Тоа значи дека планирањето на нови градежни објекти не може да се прогнозира со некоја точност, заради погоре наведените причини.

2.1. Сопанство

Во периодот 2006-2020 година, се предвидува зголемување на просторот за потребниот развој на сопанството. Во самата работна зона, постојат неизградени површини, кои можат да се користат за изградба на нови капацитети. Со тоа ќе се зголеми процентот на изградено земјиште во однос на неизграденото.

Од добиените податоци од поголемите индустриски капацитети можеме да го заклучиме следното:

Големите стопански капацитети како што се:

- фабриката за керамика "Македонија" во својата парцела имаат можност за развој.
- Предилницата "Струмичанка" има доволно простор за зголемување на капацитетот на производството.
- Текстилните комбинати "Герас Цунев"и "Единство" исто имаат можност за развој.

Работната зона во која е сместена скоро целото стопанство има добра поставеност према градот во однос на ружата на ветровите, со што се избегнуваат сите можни негативни влијанија на зоната на живеење.

За задоволување на барањата за организирање на производство во помал обем - во духот на новото време, таканаречено мало стопанство (стопанство кое поединечно гледано нема да троши повеќе од 100 кЊ електрична енергија, од 100 м^3 месечно или 4 м^3 дневно, од 3 тони месечно нафта и нафтени деривати, да не е голем загадувач на животната средина, не е произведувач на голема бучава и да не се вработуваат повеќе од 50 работници, се предвидува зголемување на работната зона, нови површини за лоцирање на капацитетите на малото стопанство. Таквото просторно сместување на оваа дејност е со цел истата да е во непосредна близина на станбената зона.

Во гарфичкиот прилог може да се забележи дека сите простори кои се ангажирани за работа се одбележани со маркица стопанство, а сето тоа од причнина што не сакаме да ги лимитираме корисниците на просторот. При издавањето на одобрението за градба задолжително е инвеститорот да приложи и елаборати така што надлежните органи ќе ја конролираат намената. Во целата стопанска зона во Струмица се предвидени дејности од лесна незагадувачка индустрија и терцијални дејности во кои не се складираат радиоактивни и други штетни материи по здравјето на луѓето, значи се во согласност со важечките законски прописи.

Предвидената површина за стопанство изнесува 269,10ха, површините прдвидени за стопанство со домување изнесува 105,53ха.

2.2. Земјоделство и шумарство

Земјоделското производство изразено преку произведувачки капацитети е надвор од градежниот опфат. Тоа всушност претставуваат плодните ниви за интензивна обработка, особено во Струмичко поле. Овде влијае изменето-медитеранска клима која дозволува 275 дена вегетациски период. Сите фактори на климата (врнежи, влажност) даваат погодни можности за одгледување на голем број индустриски растенија (тутун, сончоглед, афион), житни култури (пченица, р·ж, јачмен), фуражни култури (детелина, луцерка) како и лозарство и овоштарство, а најкарактеристична и најдоходовна гранка е градинарството и раноградинарството.

Шумите и шумското земјиште зафаќаат голем дел од територијата на Општина Струмица. Основна задача на шумарството како стопанска гранка е да ги промени деградираните и нискостабилните шуми во високостеблени шуми, по пат на пошумување и да го заштити шумското земјиште од ерозија.

Преработувачките капацитети на земјоделството и шумарството се сместени во работната зона на градот и зафаќаат површина од 0.987ха.

Просторната разместеност на големите капацитети во работната зона одговара према ружата на ветровите.

Градот е воглавно на рамна површина и не постојат услови за подигање на фарми. Инаку предвидувања на фарми се планираат во околните села кои се на повисока надморска височина.

2.3. Комерцијални објекти

Овој вид на стопански дејности се важен фактор за обезбедување на соодветно ниво на личниот и општествениот стандард, а имаат определено значење за просторната организација на Општината и на градот.

Во идниот период планираниот пораст на стопанското производство и зголемување на куповната моќ на населението ќе предизвикаат определени измени во навиките на потрошувачите и нивните барања во смисол на проширување на асортиманот на стоките и услугите.

а) Трговија

Трговијата како битна компонента на репродукцијата има улога, од една страна да го снабдува производството со репроматеријали а од друга страна да ги продава производите и услужните дејности и да го снабдува населението со потребните животни нормативи и стоки за широка потрошувачка.

За целосно одговарање на својата улога трговијата ангажира соодветен простор во зоната на живеење заради непосредна близина до потрошувачите на стоките за широка потрошувачка. За делот - набавка за репродукција и продажба на стоки наменети за производството, трговијата ангажира соодветни простори во непосредна близина на производните и услужните капацитети т.е. во работната зона.

Во анализата на постојната состојба се дојде до заклучок дека ги задоволуваат моменталните потреби на граѓаните. Но во идниот развој на градот и зголемување на бројот на жителите се зголемува и потребата од поголем број на објекти. Од анализата на постојната состојба, најголем број на трговски објекти од трговија на мало се наоѓа во станбените зони, додека магацините за трговија на големо и поголем дел од трговијата на големо е сместена во работната зона.

Во наредниот период до 2020 година не се предвидува ширење на постојните површини за продажба и сместување на стоките за широка потрошувачка, бидејќи тие се сместени претежно во централното градско јадро, а планираните нови простори ќе се јават дел во новото домување и дел во работната зона. На сите простори, неопходно е осовременување на постојниот продажен простор.

Во оваа класификација се вброени објектите: Агро- берза и пазар, сточен пазар, ветеринарна станица, трговки центар, терминал, бензински пумпи и др.

Согласно потребите на идниот развој, како и стандардите за современо снабдување на населението се предвидуваат следните простори за вршење на трговската дејност.

а) Мултинаменски центар на месни заедници
140 м^2 на 1.000 жители вкупно 6.480 м^2
б) локален тип во локалниот центар
55 м2 на 1.000 жители вкупно 2.546 м^2
в) централен тип во градскиот центар
300 м^2 на 1.000 жители вкупно 13.889м^2
В к у п н о: околу 22.915 м^2 или 2.29 ха.

б) Занаетчиство и лични услуги

Занаетчиството и личните услуги како комплементарна дејност воглавно на производствените области и во наредниот период т.е. до 2020 година ќе има свое место во вкупниот опфат на градот. Најголем дел од овие услуги, особено делот на личните услуги и во овој период се предвидува да се обавуваат во станбената зона, во мултинаменските центри, во локалниот центар и во централното градско подрачје, додека производното занаетчиство и услугите на производството се предвидува да се обавуваат и да најдат свое место во предвидената површина за малото стопанство и стопанство во работната зона. Согласно потребите на идниот развој се предвидуваат следните простори за оваа дејност:

- Занаетчиски работилници
а) основен тип во мултинаменските центри на месните заедници:
100 м^2 на 1.000 жители вкупно 4.629 м^2
б) локален тип во локалниот центар
95 м^2 на 1.000 жители вкупно 4.398м^2
в) централен тип во градскиот центар
105 м^2 на 1.000 жители вкупно 4.861 м^2
В к у п н о: 13.888м^2

в) Угостителство и туризам

Струмица е град кој го негува спортот и физичката култура и е град организатор на повеќе културни збиднувања. При организирањето на овие спортски манифестации, неопходно е да има и сместувачки капацитети.

Од анализата е покажано дека во градот за сега има само еден мал хотел, но за квалитетно обавување на угостителската и туристичката дејност се предвидуваат следните капацитети:

- хотели 6 легла на 1.000 жители, а тоа е 278 легла x 30 м^2 = 8.340 м^2.
- за угостителство 40 места на 1.000 жители, а тоа е 1.852 места x 4 м^2 = 7.408 м^2.
- Во непосредна близина на железничката станица предвидена е локација за администратво деловен центар и угостителски објект на површина од околу 8.8 ха.
- Во непосредна близина на Струмица е угостителскиот комплекс"Сириус" и туристичката населба "Банско" каде што има прекрасни објекти за задоволување на овој вид потреби на жителите од градот Стумица и пошироко.

г) Комунални дејности

Во оваа група влегуваат сите објекти од комуналната сфера:

-објекти за примарната елекрична инфраструктура и нивните коридори, (трафостаници, далекуводи и др.)

-објекти од примарната водоводна и канализациона инфраструктура, (резервоари за вода, пречистителна станица, канали, депонии и сл.)

Вкупно планирана површина за комерцијални објекти во овој план изнесува 60,30ха.

Г. ПРОЕКЦИЈА НА ИДНИОТ РАЗВОЈ

1. ДОМУВАЊЕ

1.1. Идни потреби за домување

Според предвидувањата Струмица во 2020 година ќе има 46.296 жители, односно околу 13.616 домаќинства, за кои ќе треба да се обезбеди соодветен број на станови. Просечен број на членови во домаќинството ќе изнесува 3,4. Станбениот минимум ќе изнесува 20 м² нето корисна површина по жител.

Пописот извршен во 2002 год дава податоци за градт Струмица и 11 населени места, што не ни ја дава вистинската слика само за градот во однос на санбениот простор. Ако се користат овие броеви ќе се добие нереална состојба и голем вишок на станбен простор.

Во 2020 година ќе бидат потребни 13.616 станови.

Предвидената површина за домување изнесува 408,95ха.

1.2. Организација на станбената зона

Организацијата на станбената зона и понатаму ќе се базира на основната планерско-територијална единица нарекувана урбана единица.

Овој план наместо терминот Месна заедница го прифаќа терминот урбана единица, а како основна планерска единица во домувањето и во која можат на задоволителен начин да најдат место функциите и објектите што се од интерес за сите жители и кој го сочинуваат комплементарниот урбан блок - дел од вкупната станбена зона, кој е неопходен за современо домување.

Урбаната единица претставува физичка околина, во која граѓаните ги задоволуваат своите индивидуални, семејни и заеднички потреби за домување, грижа и воспитување - школување на децата, задоволување на дневните потреби со снабдување, социјален културен и политички живот.

Физичката рамка на урбаната единица ја карактеризираат следните основни елементи, чија присутност и взаемен хармоничен сооднос, овозможуваат квалитетни услови за живеење:

- Централно лоцирани јасли, детска градинка и осмогодишно училиште сместени на пешачки токови по можност без пресекување со поголеми колски сообраќајници.

Растојанието до овие функции не треба да биде поголемо од 15 минути одење;

- Централно сместени спортски терени за децата на возраст од 7-14 години;

- Систем на улици за моторен сообраќај кој овозможува лесен пристап до сите станови и другите функции, а истовремено не вовлекува внатре тежок и транзитен сообраќај;

- Систем на градба, кој дава можност на избор на тип на градба, во зависност од економската моќ и структура на семејството;

- Просторна диспозиција на објектите за живеење во групации-единици на соседства, маала, кои овозможуваат социјализација на начин на живеење;

- Систем на снабдување и задоволување на другите општествени потреби, преку создавање на пунктови за дневно снабдување кои се лесно достапни, како пеш така и со моторно возило. Локален општествено услужен центар сместен на правец кој е несметано поврзан со градскиот центар.

Концептот на просторна организација на урбаната единица базирана на предпоставки да правата, обврските и потребите, граѓаните најдобро ќе ги остваруваат во заедница конституирана до максимално 5000 жители.

Во нашиот случај месните заедници би имале од 4500 до 5000 жители.

Урбаната единица покрај домување ќе ги содржи и следните содржини:

-Детските игралишта се димензионирани по нормаив 1,5 м²/дете за старосна група

од 0-6 години и за вкупно 3.704 деца x 1,5 м² = 5.556 м², а за старосна група

од 7-14 години исто по 1,5 м² и имаме 4.630 x 1,5 = 6.945 м². Вкупна површина на детски игралишта треба да изнесува минимум 12.501 м² ;

-Потребите за спортување и рекреација, жителите ќе можат да ги задоволуваат на терените за мали спортови, на стадион, како и во спортскиот центар кој располага со спортска сала. Вкупната површина за спортување и рекреација во градот изнесува 20.16 ха.

1.3. Организација на градот во урбани единици

Во Струмица постојат 9 урбани единици (месни заедници) према важечкиот ГУП :

Урбана единица 1 која зафаќа 143.36 ха и во неа живеат 7.342 жители во моментот покрај семејните куќи и заедничкото домување има простор ангажиран со: предучилишна детска установа - клон 4 со капацитет од 193 деца, црвен крст, вишо училиште, библиотека, банка, јавни функции, комунални дејности, трговски центар, спортско рекреативен центар, дел од градскиот парк, сточен пазар 9.720 м² , пазар 8.850 м² и радиостаница.

Се прогнозира дека на овој простор со површина од 144,44 ха ќе живеат 7 593 жители и просечната бруто густина ќе изнесува 52,56 ж/ха.

УЕ - 1 ја сочинуваат 7 урбани блока.

Урбана единица -1

Табелабр. 4: Намена на површини во рамките на урбаната единица и урбаниот блок:

УРБАНА ЕДИНИЦА 1					
Бр. на УБ П (ха)	**Постојна намена на површини**	**Планирана намена на површини**	**% према намена**	**К према намена**	**висина према намена**
УРБАН БЛОК 1 **12,70**	Пазар, Заеднички објекти, вишо училиште, семејни куќи, Комунални дејности, Стопанство, Трговски центар, спорт и рекреација	Потврдени сите намени од постојно плус На место на постојниот пазар е предвиден, Административно деловен центар	60% 70%	1,6 2,0 3,0	10,2 19,0 19,2
УРБАН БЛОК 2 **22,85**	Семејни куќИ, црква, заеднички објекти, АМС, јавни објекти, бензинска станица	Потврдени сите намени од постојно плус Основно училиште со капацитет од 380 места	60% 70%	1,6 2,0 3,0	10,0 19,0 19,2
УРБАН БЛОК 3 **25,43**	Стопанство, комунални дејности, сточен пазар, ветеринарна станица	Потврдени сите намени од постојно плус Стопанство	70%	3,0	9,0 12,0
УРБАН БЛОК 3а **10,50**	Здружение на возачите, комунални дејности и стопанство	Потврдени сите намени од постојно плус пазар и стопанство	60% 70%	1,6 3,0	9,0 10,0 12,0
УРБАН БЛОК 4 **23,74**	Стопанство, комунални дејности	Потврдени сите намени од постојно плус стопаство	70%	3,0	9,0 12,0
УРБАН БЛОК 5 **24,33**	Радио станица, Комерцијални објекти , стопански објекти	Потврдени сите намени од постојно	70%	2,0 3,0	12,0 19,0
УРБАН БЛОК 6 **24,89**	Стопанство И комунални дедјности	Потврдени сите намени од постојно плус Стопанство	70%	3,0	12,0
ВКУПНА ПОВРШИНА НА УРБАНА ЕДИНИЦА 1 = 144,44 ха					

Во оваа урбана единица постојат неизградени простори кои ќе бидат ангажирани за изградба на: основно училиште со капацитет од 380 деца кои ќе учат во една смена, дневно снабдување, спортски терни, детски игралишта во рамките на зелените површини, административно деловен центар на место на постојниот пазар, една бензинска станица, стопански дејности и комунални дејности. Бидејќи од оваа зона еден дел е зона на центарот на градот во индивидулните станбени згради, има потреба да се пренаменуваат приземните простори од куќите во деловни простори.

Урбана единица 2 - зафаќа простор од 172.41 ха на кој во моментот живеат 9.406 жители. Во моментот просторот е ангажиран со семејни куќи, заеднички објекти, предучилишна детска истанова К-3 со капацитет од 216 деца, основно училиште со капацитет од 1.140 деца (во две смени), стопанство, споменик од НОБ, музичко училиште, две бензински станици и две цркви.

Се прогнозира дека на овој простор ќе се издвојат две месни заедници од кои на 229,77ха ќе живеат 5000 жители и просечната бруто густина ќе изнесува 21,76 ж/ха.

УЕ - 2 ја сочинуваат 12 урбани блока.

Урбана единица -2

Табела бр. 5: Намена на површини во рамките на урбаната единица и урбаниот блок:

УРБАНА ЕДИНИЦА 2					
Бр. на УБ П (ха)	**Постојна намена на површини**	**Планирана намена на површини**	**% према намена**	**К према намена**	**висина према намена**
УРБАН БЛОК 12 **29,46**	Црква, семејни куќи, стопанство, администрација и музичко училиште, заеднички објекти	Потврдени сите намени од постојно	60% 70%	1,6 2,0 3,0	10,0 12,0 19,0

УРБАН БЛОК 13 14,90	Семејни куќи, стопанство, заеднички објекти и муслимански гробишта	Потврдени сите намени од постојно плус парковско зеленило	60%	1,6	10,0 19,0
УРБАН БЛОК 14 21,76	Семејни куќи, заеднички објекти, основно училиште и предучилишна детска установа.	Потврдени сите намени од постојно плус Црква и парковско зеленило	60% 70%	1,6 2,0	10,0 19,0
УРБАН БЛОК 15 12,98	Стопанство, Предучилишна детска установа, стопанство и семејни куќи	Потврдени сите намени од постојно плус стопанство	70%	2,0	10,0 14,7
УРБАН БЛОК 16 18,72	Стопанство, бензинска станица	Потврдени сите намени од постојно	70%	2,0 3,0	12,0 14,7
УРБАН БЛОК 17 14,66	Слободна површина	Стопанство	70%	2,0	14,7
УРБАН БЛОК 17/1 16,35	Слободна површина	Стопанство	70%	2,0	14,7
УРБАН БЛОК 18 25,22	Стопанство и бензинска станица	Потврдени сите намени од постојно	70%	2,0 3,0	12,0 14,7
УРБАН БЛОК 18/1 17,74	Слободна површина	Стопанство	70%	3,0	12,0
УРБАН БЛОК 18/2 19,27	Слободна површина	Стопанство	70%	2,0	14,7
УРБАН БЛОК 18/3 14,58	Слободна површина	Стопанство	70%	2,0	14,7
УРБАН БЛОК 19 24,13	Слободна поовршина	Стопанство	70%	3,0	12,0
ВКУПНА ПОВРШИНА НА УРБАНА ЕДИНИЦА 2 = 229,77ха					

Со проекцијата се потврдува локацијата на детската градинка, основното училиште, основното музичко училиште, цркви, а се предвидува локација за локален административно услужен центар - непосредно до локацојата на детската градинка и основното училиште, игралишта за деца, зелени површини како и нови локации во зоната на стопанство.

Урбана единица 3 - се наоѓа во југозападниот дел од градот, истата во постојната состојба зафаќа 42,58 ха и со постоен број на жители 4.558 и бруто густина на жители од 107,05 ж/ха. Оваа голема густина произлегува од тоа што овој простор е многу густо изграден воглавно со семејни куќи. Во оваа зона има и други содржини, а тоа се: ловечки дом, три цркви, основно училиште, резервоар, спомен костурница, ТБЦ Болница, муслимански гробишта и семејни куќи.

Се прогнозира дека на овој простор со површина од 42,59 ха ќе живеат 4.715 жители и просечната бруто густина ќе изнесува 110,70 ж/ха.

УЕ - 3 ја сочинуваат 2 урбани блока.

Урбана единича - 3

Табела бр. 6: Намена на површини во рамките на урбаната единица и урбаниот блок:

УРБАНА ЕДИНИЦА 3					
Бр. На УБ П (ха)	**Постојна намена на површини**	**Планирана намена на површини**	**% према намена**	**К према намена**	**висина према намена**
УРБАН БЛОК 31 23.47	Семејни куќИ, болница, резервоар и муслимански гробишта	Потврдени сите намени од постојно	60% 70%	1,6 2,0	10,0 14,7 19,0
УРБАН БЛОК 32 19.12	Семејни куќИ, спомен костурница, цркви, основно училиште два објекта и ловечки дом	Потврдени сите намени од постојно плус Заштитно зеленило	60% 70%	1,6 2,0	10,0 19,0
ВКУПНА ПОВРШИНА НА УРБАНА ЕДИНИЦА 3 = 42.59ха					

Со проекцијата се потврдуваат постојните локации. Бидејќи оваа УЕ е во непосредна близина на централното градско подрачје ќе ги користат тамошните комплементарни функции. Радиусите на гравитација се задоволителни.

Урбана единица 4 - е со површина од 75,17 ха. и постоен број на жители 3.117, со бруто густина од 41,46 ж/ха го зафаќа северзападниот дел од градот.

Во оваа месна заедница просторот е ангажиран со: семејни куќи, локација на градски христијански гробишта, филтер станица, стадион - спорт и рекреација, дом на културата, хотел, евнгелистичко методистичка црква, џамија и стопанство.

Се прогнозира дека на овој простор со површина од 87.89 ха ќе живеат 4.781 жители и просечната бруто густина ќе изнесува 54,40 ж/ха.

УЕ - 4 ја сочинуваат 5 урбани блока.

Урбана единица -4

Табела бр. 7: Намена на површини во рамките на урбаната единица и урбаниот блок:

УРБАНА ЕДИНИЦА 4					
Бр. На УБП (ха)	**Постојна намена на површини**	**Планирана намена на површини**	**% према намена**	**К према намена**	**висина према намена**
УРБАН БЛОК 33 26,40	Семејни куќи, џамија, евангелистичко методистичка црква, хотел, дом на култура, стопанство и стадион	Потврдени сите намени од постојно	60% 70%	1,6 2,0 3,0	10,0 14,7 19,0
УРБАН БЛОК 34 20,32	Семејни куќи, комунални дејности, гробишта, филтер станица, заштитно зеленило	Потврдени сите намени од постојно	60% 70%	1,6 2,0	10,0 14,7
УРБАН БЛОК 35 20,66	Стопанство + семејни куќи и семејни куќи	Стопанство	60% 70%	1,6 2,0	10,0 14,7
УРБАН БЛОК 35/1 7,43	Стопанство + семејни куќи	Стопанство	70%	2,0	14,7
УРБАН БЛОК 35/2 13,08	Слободна површина	Семејни куќи	60%	1,6	10,0
ВКУПНА ПОВРШИНА НА УРБАНА ЕДИНИЦА 4 = 87,89ха					

На овој простор се наоѓаат гробиштата кои со големи заштитни зеленила се одделени од новопредвидениата зона за семејни куќи. Оваа урбана единица е во непостредна близина на централното градско подрачје.

Урбана единица 5 - зафаќа 160,09 ха, а во неа се живеат 2.985 жители од што произлегува бруто густина од 18,65ж/ха.

Во оваа урбана единица покрај домувањето, а во функција на жителите на оваа населба постојат и: предучилишна детска установа К-2, основно училиште, средноучилиште - гимназија, парковско зеленило спорт и рекреација, АРМ, пензионерски дом, простор со специјална намена со П=22,80ха, затвор, семејни куќи и посебно простор за стопанство.

Се прогнозира дека на овој простор со површина од 239,09 ха ќе живеат 4.990 жители и просечната бруто густина ќе изнесува 20,87ж/ха.

УЕ - 5 ја сочинуваат 13 урбани блока.

Табела бр. 8: Намена на површини во рамките на урбаната единица и урбаниот блок:

УРБАНА ЕДИНИЦА 5					
Бр. На УБП (ха)	**Постојна намена на површини**	**Планирана намена на површини**	**% према намена**	**К према намена**	**висина према намена**
УРБАН БЛОК 36 27,30	Специјална намена	Заеднички објекти, комерцијални објекти, јавни објекти и спорт	60% 70%	1,6 2,0	14,7 19,0
УРБАН БЛОК 37 19,40	Семејни куќи, АРМ, основно училишта, средно училиште и парковско зеленило	Јавни објекти, заеднички објекти и семејни куќи	60% 70%	1,6 2,0	10,0 19,0
УРБАН БЛОК 37/1 8,31	Семејни куќи, АРМ, детска градинка, зеленило	Јавни објекти, семејни куќи и парковско зеленило	60% 70%	1,6 2,0	10,0 19,0

УРБАН БЛОК 38 27,21	Спорт и рекреација, предучилишна детска установа, пензионерски дом, комерцијални објекти и парковско зеленило со спорт И рекреација	Потврдени сите намени од постојно плус семејни куќи	60% 70%	1,6 2,0	10,0 14,7 19,0
УРБАН БЛОК 39 23,62	Слободна површина	Семејни куќи	60%	1,6	10,0
УРБАН БЛОК 39/1 11,17	Слободна површина	Семејни куќи	60%	1,6	10,0
УРБАН БЛОК 40 15,52	Стопанство+семејни куќи	Семејни куќи, казнено поправен дом, МВР	60%	1,6	10,0
УРБАН БЛОК 40/1 14,42	Семејни куќи, јавни објекти	Потврдени сите намени од постојно	60% 70%	1,6 2,0	10,0 19,0
УРБАН БЛОК 40/2 16,77	Слободна површина	Семејни куќи	60%	1,6	10,0
УРБАН БЛОК 41 16,73	Комунални дејности, стопанство, семејни куќи	Стопанство, семејни куќи, заеднички објекти, комерцијални објекти	60% 70%	1,6 2,0 3,0	10,0 12,0 14,7 21,0
УРБАН БЛОК 41/1 16,14	Комунални дејности, стопанство, семејни куќи	Семејни куќи	60%	1,6	10,0
УРБАН БЛОК 41/2 12,50	Комунални дејности, стопанство, семејни куќи	Заеднички објекти,	60%	1,6	19,0
УРБАН БЛОК 42 30,00	Стопанство И сервиси	Стопанство	70%	3,0	12,0
ВКУПНА ПОВРШИНА НА УРБАНА ЕДИНИЦА 5 = 239,09ха					

Со проекцијата се потврдуваат постојните локации и се предвидуваат нови локации за: стопанство бензинска станица, заеднички објекти, црква, казнено поправен дом П=0,6 ха, старечки дом П=1,9 ха, полициска станица П=0,75 ха, а на локација од 23 ха предвидени се: центар за детско творештво, младински дом библиотека, кино и театар, локација за основно училиште заедно со детска градинка П=1,8 ха, средно училиште 2,1 ха и минитрговски центар со богати зелени површини на површина од 1ха. Најкарактеристичен простор во оваа урбана единица е паркот со спорт и рекраеација како и новопредвидениот комплекс со центар за детско творештво, младински дом, библиотека, кино и театар, локација за основно училиште заедно со детска градинка П=1,8 ха, средно училиште 2,1 ха и мини трговски центар.

Урбана единица 6 - зафаќа 115,17ха, а во неа живеат 4.184 жители од што произлегува бруто густин од 36,32ж/ха.

Оваа урбана единица се наоѓа во непосредна близина на центарот во гадот . Во просторот егзистираат заеднички објекти, семејни куќи, детска градинка К-6, економат на средно учжилиште, бензинска станица трафостаница и стопанство.

Се прогнозира дека на овој простор со површина од 113,21 ха ќе живеат 4.927 жители просечната бруто густина ќе изнесува 43.52 ж/ха.

УЕ - 6 ја сочинуваат 5 урбани блока.

Урбана единица -6

Табела бр. 9: Намена на површини во рамките на урбаната единица и урбаниот блок:

УРБАНА ЕДИНИЦА 6					
Бр. На УБ П (ха)	**Постојна намена на површини**	**Планирана намена на површини**	**% према намена**	**К према намена**	**виси пре наме**
УРБАН БЛОК 7 21,16	Заеднички објекти, семејни куќи, детска градинка, клинички центар и средно училиште	Потврдени сите намени од постојно плус трговски центар	60% 70%	1,6 2,0 3,0	10, 14, 19,
УРБАН БЛОК 8 20,38	Семејни куќИ, бензински станици, трафостаница, стопанство, комунални дејности, МАС и услужни дејности	Потврдени сите намени од постојно	60% 70%	1,6 3,0	10, 14,
УРБАН БЛОК 9 18,70	Агроберза и Пазар	Потврдена намената од постојно	80%	3,0	11, (сле

УРБАН БЛОК 10 28,73	Стопанство	Потврдена намената од постојно	70%	3,0	14,7
УРБАН БЛОК 11 24,24	Железничка станица, локална автобуска станица, парковско зеленило и заќтитно зеленило	Потврдени сите намени од постојно	70%	3,0	14,7
ВКУПНА ПОВРШИНА НА УРБАНА ЕДИНИЦА 6 = 113,21ха					

Со проекцијата се потврдуваат постојните локации: меѓуградска автобуска станица со П=2.26 ха, две бензински станици, агро берза со 17.72 ха, пазар, железничка станица заедно со автобуска станица со П=6.0 ха, административно деловен центар со угостителски објекти на П=8.8 ха, парковско зеленило 2.8 ха и заштитно зеленило покрај пругата П=3,8 ха.

Урбана единица 7 - зафаќа 21.78 ха, а во неа живеат 3.519 жители од што произлегува бруто густина од 161,57ж/ха.

Во неа просторот е ангажиран со семејни куќи, историски архив, болница, црква, кино, театар,локална самоуправа, парковско зеленило, трговски центар, основно училиште, пошта, автобуска станица и администрација.

Се прогнозира дека на овој простор со површина од 21.70 ха ќе живеат 3.802 жители и просечната бруто густина ќе изнесува 175.20 ж/ха.

УЕ - 7 ја сочинува 1 урбан блок.

Урбана единица -7

Табела бр. 10: Намена на површини во рамките на урбаната единица и урбаниот блок:

УРБАНА ЕДИНИЦА 7					
Бр. На УБ П (ха)	**Постојна намена на површини**	**Планирана намена на површини**	**% према намена**	**К према намена**	**висина према намена**
УРБАН БЛОК 30 21,70	Семејни куќи, МВР, болница, црква, парковско зеленило, администрација, историски архив, предучилишна установа, театар, јавни објекти, кино, локална самоуправа, трговски центар, стопанство, зеаднички објекти, суд, основно училиште и ПТТ	Потврдени постојните намени плус административно деловен центар со заеднички објкети и комерцијални објекти со заеднички објекти	60% 70%	1,6 2,0	10,0 14,7 19,0 21,0
ВКУПНА ПОВРШИНА НА УРБАНА ЕДИНИЦА 7 = 21,70ха					

На овој простор слободни површини нема, целата површина е ангажирана. Со проекцијата ги потврдуваме постојните намени на просторот со единствена корекција на местото на постојната меѓуградска автобуска станица се предвидува адмонистративен деловен центар со заеднички објекти.

Урбана единица 8 - зафаќа 43,40 ха, а во неа живеат 5.000 жители од што произлегува бруто густина од 115.20ж/ха.

Во оваа месна заедница просторот е ангажиран со : семејни куќи, бензинска станица, ЈО Македонија пат, болница, средно техничко училиште и две цркви.

Се прогнозира дека на овој простор со површина од 43.39 ха ќе живеат 5.000 жители и просечната бруто густина ќе изнесува 115.23 ж/ха.

УЕ - 8 ја сочинуваат 3 урбани блока.

Урбана единица -8

Табела бр. 11: Намена на површини во рамките на урбаната единица и урбаниот блок:

УРБАНА ЕДИНИЦА 8					
Бр. на УБ П (ха)	**Постојна намена на површини**	**Планирана намена на површини**	**% према намена**	**К према намена**	**висина према намена**
УРБАН БЛОК 27 14,34	Црква, семејни куќи, болница, средно училиште, јавни објекти и бензинска станица	Потврдени сите намени од постојно	60% 70%	1,6 2,0	10,0 19,0
УРБАН БЛОК 28 14,30	Семејни куќи и стопанство	Потврдени сите намени од постојно	60% 70%	1,6 3,0	10,0 12,0
УРБАН БЛОК 29 14,75	Семејни куќи, црква, јавни објекти и заеднички објекти	Потврдени сите намени од постојно	60% 70%	1,6 2,0	10,0 19,0

ВКУПНА ПОВРШИНА НА УРБАНА ЕДИНИЦА 8 = 43,39	

Со проекцијата се потврдуваат сите постојни локации: за основно училиште со П=7.700 м² и заеднички објекти со деловен простор на пониските спратови.

Урбана единица 9 - просторот е ангажиран со: семејни куќи, заеднички објекти, трафостаница, бензинска станица, терминал и стопански објекти.

Се прогнозира дека на овој простор со површина од 138,92 ха ќе живеат 5.000 жители и просечната бруто густина ќе изнесува 36,00 ж/ха.

УЕ - 9 ја сочинуваат 8 урбани блока.

Урбана единица -9

Табела бр. 12: Намена на површини во рамките на урбаната единица и урбаниот блок:

УРБАНА ЕДИНИЦА 9					
Бр. на УБ П (ха)	**Постојна намена на површини**	**Планирана намена на површини**	**% према намена**	**К према намена**	**висина према намена**
УРБАН БЛОК 20 16,61	Семејни куќи, парковско зеленило, административно услужен центар, заеднички објекти и заштитно зеленило	Потврдени сите намени од постојно	60% 70%	1,6 2,0	10,0 19,0
УРБАН БЛОК 21 18,60	Стопанство + семејни куќи	Стопанство	60% 70%	1,6 3,0	10,0 19,2
УРБАН БЛОК 21/1 18,44	Стопанство + семејни куќи	Стопанство	60%	1,6	10,0
УРБАН БЛОК 22 15,06	Семејни куќи, трафостаница, бензинска станица и заеднички објекти	Потврдени сите намени од постојно	60% 70%	1,6 2,0	10,0 19,2 21,0
УРБАН БЛОК 23 10,77	Терминал и стопанство	Потврдена постојната намена	70%	2,0 3,0	12,0 14,7
УРБАН БЛОК 24 15,93	Стопанство	Потврдена постојната намена	70%	3,0	12,0
УРБАН БЛОК 25 16,86	Стопанство+семејни куќи	Потврдена постојната намена	60% 70%	1,6 3,0	5,0 12,0
УРБАН БЛОК 26 26,65	Семејни куќи со повисок стандард	Потврдена постојната намена плус "космофон" антена и заеднички објекти	60% 70%	1,6 2,0	9,0 19,2
ВКУПНА ПОВРШИНА НА УРБАНА ЕДИНИЦА 9 = 138,92ха					

Со проекцијата се потврдуваат сите постојни локации и се предвидува: нова локација полигон за автошкола и антена на "Космофон"

Централното градско подрачје зафаќа површина од 45.20 ха и е ограничено со следните улици: ул."24 Октомври"; ул."Младинска"; ул."Ѓорги Трајков", ул."Гоце Делчев"; ул."Маршал Тито"; ул."Сандо Масев" ; ул."22ри Декември"; ул."Крушевска" и ул."Ванчо Китанов".
Истото не и припаѓа само на една Урбана единица туку зафаќа делови од пет и тоа: од У.Е. 1 зафаќа 11.63 ха, од У.Е. 2 зафаќа 3.2 ха, од У.Е. 5 зафаќа 9.7 ха, од У.Е. 6 зафаќа 11.63 ха, од У.Е. 7 зафаќа 11.00 ха.

ЦЕНТРАЛНО ГАРДСКО ПОДРАЧЈЕ	
ДЕЛ ОД У.Е.	ПОВРШИНА
1	11.63
2	3.20
5	9.70
6	9.70
7	11.00
Вкупно	45.20

Табела бр. 13: Намена на површини во рамките на Централно градско подрачје:

ЦЕНТРАЛНО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ			
Постојна намена на површини	**Планирана намена на површини**	**Површина**	
		M²	**%**
Семејни куќи	Потврдени постојните со можност за промена на дејност	175.130	38.74
Заеднички објекти	Потврдени постојните со можност за промена на дејнист	23.919	5.29
Основно училиште Сандо Масев и Моша Пијаде	Потврдени постојните	11.303	2.5
Средно училиште	Потврдени постојните	6.414	1.42
Парковско зеленило	Потврдени постојните	5.162	1.14
Стопанство	Потврдени постојните	3.851	0.85
Спорт и рекреација	Потврдени постојните	8.059	1.78
Библиотека	Потврдени постојните	803	0.18
Комунални дејности	Потврдени постојните	1.899	0.42
Пазар	Административно деловен центар со заеднички објекти	9.646	2.13
Вишо училиште	Потврдени постојните	1.779	0.39
Банка	Потврдени постојните	1.226	0.27
Дом на културата	Потврдени постојните	7.897	1.75
Трговски центар	Потврдени постојните	582	0.13
Хотел	Потврдени постојните	5.078	1.13
Суд	Потврдени постојните	1.350	0.30
Пошта	Потврдени постојните	4.781	1.06
Меѓуградска автобуска станица	Административно деловен центар со заеднички објекти	2.364	0.53
Црква	Потврдени постојните	11.000	2.43
Музичко училиште	Потврдени постојните	1.062	0.23
Клинички центар	Потврдени постојните	21.411	4.75
Сообраќајници	Потврдени постојните	147.284	32.58
	ВКУПНО:	452.000	100

Во семејните и заедничките објекти со пренамена на просторот може да се обавуваат и други дејности како: - детски јасли, детски градинки, центри за странски јазици, згрижување на старци, администрација, деловен објект во кој ќе се обавуваат мирни дејности и сето останато што одобрува законскаат регулатива.

2. ЈАВНИ ОБЈЕКТИ (ОПШТЕСТВЕН СТАНДАРД)

За развој на системот на функциите од јавни објекти кои го даваат општествениот стандард во Измените и дополнувањата на Генералниот урбанистички план треба да се обезбедат простори, капацитети и диспозиции на објектите кои оптимално ќе ги развиваат растечките потреби на граѓаните. Генерална насока за развој на тие функции, содржини и институции за грижа, воспитување и образование, за здравството и установите за социјални грички, за објекти на културата и другите функции од општествен стандард, ги утврдува следните принципи на планирање:

1. Установите за грижа и воспитување на деца од предучилишна возраст се поставени на локации подеднакво достапни локации, за сите жители од станбените заедници, односно се на средината на гравитационото подрачје. Исто така се лоцирани на безбедно растојание од главните текови на моторниот сообраќај и на пристапност која го елеминира крстосувањето на моторниот со пешачкиот сообраќај.

Анализата покажува дека во Струмица во моментот нема доволно капацитети кои би ги примиле децата на предшколска возраст. За планскиот период треба да се обезбедат (2.224-823 места) = 1.401места. Станува

збор за доста голема бројка. Меѓутоа оваа дејност може да се обавува и во станови, семејни куќи или да се пренамени деловен простор. Во проекцијата обезбедена е само една нова локација за овој вид на дејност во новата урбана единица со капацитет од 260 места.

2. Се предвидува изградба на нови училишта и тоа во У.Е. 1 со капацитет од 380 места, УЕ 5 со капацитет од 380 места и У.Е. 8 со капацитет од 310 места вкупно нови 1.070 места.

Сите постојни гореспоменати капацитети работат во две смени што е спротивно со законската регулатива. Во новите капацитети предвидуваме двосменско работење.

4. Постојните капацитети на средните училишта во Струмица ги задоволуваат потребите до планскиот период.

5. Објектите наменети за здравствени услуги имаат добра постојна диспозиција, а со новите промени во државата и со отварање на приватни амбуланти и со предвидени нови амбуланти во месните центри, услугите ќе им бидат доближени на сите граѓани.

Само во болницата постои стационар со одреден број на легла, кој во иднина ќе се развие и ќе обезбеди подобра здравствена заштита.

6. Систем на социјална жаштита е представен со постоен дом за стари лица и нов во У.Е. 5 и постоен клуб на пензионери во У.Е. 5 како и стар и новопредвиден објект на казнено поправен дом во У.Е. 5.

7. Систем на објекти од општествен стандард се библиотекте, дом на култура и сл. има во централното градско ткиво. Со овие Измени и дополнувања ГУП предвидуваме во У.Е. 5 комплекс во кој ќе има повеќе содржини, како што се библиотека, простор за разни секции од науката и техниката, повеќенаменска сала за приредби и театар, кино и младински дом.

Идните потреби на градот за функции и објекти од општествен стандард се согледуваат низ неколку елементи, од кои најбитни се:

- постојните содржини и објекти, кои се појдовна основа за градба на идните потреби;
- критериуми и стандарди, со кои тие ќе се развиваат;
- просторна диспозиција на содржините.

Програмирањето на идните потреби за функции и објекти од општествен стандард, преку дефинирање на стандардите и нормативите служи да се предвиди и резервира потребно земјиште, како по големина така и по диспозиција.

2.1. Воспитување и образование

а) Предучилишно воспитување

Капацитетот на постојните објекти за предучилишно воспитување од 1,5 ха, нема да ги задоволи идните потреби. Се предвидува дека од вкупното население, старосната група од 0-6 год. ќе биде застапена со 8,0% од вкупниот број на жители (3.704деца).

Согласно програмските определби, 60% од децата, од оваа старосна група, ќе бидат опфатени во предучилишните услови, или околу 2.224 деца. Корисна површина по дете треба да изнесува 7 м^2 односно 25 м^2 дворна парцела на дете. Вкупно потребна површина за објекти треба 15.568 м^2 и за локација на парцелата 5,6ха.

Оваа анализа покажува дека во Струмица во моментот нема доволно капацитети кои би ги примиле децата на предшколска возраст. За планскиот период треба да се обезбедат (2.224-823 места) = 1.401места. Станува збор за доста голема бројка.

Во У.Е. бр.1 има една предучилишна установа Клон 4, со капацитет од 193 деца. Корисна површина од 1.570 м^2 и површина на локација 3.752м^2.

Во У.Е. бр.2 има само една предучилишна установа Клон 3, со капацитет од 216 деца. Корисна површина од 2.154м^2 и површина на локација 4.347м^2.

Во У.Е. бр.3 нема предучилишна детска установа.

Во У.Е. бр.4 нема предучилишна установа.

Во У.Е. бр.5 има една предучилишна установа Клон 2, со капацитет од 153 деца. Корисна површина од 2.154 м^2 и површина на локација 4.347м^2.

Во У.Е. бр.6 има само една предучилишна установа Клон 6, со капацитет од 191 деца. Корисна површина од 1.211 м^2 и површина на локација 2.742 м^2.

Во У.Е. бр.7 има само една предучилишна установа Клон 1, со капацитет од 70 деца. Корисна површина од 60 м^2 и површина на локација 365 м^2.

Во У.Е. бр.8 нема предучилишна установа.

Во Струмица заради сместување на децата во предучилишните установи треба да се обезбведат уште:

- 17.232 м^2 корисна површина

3.320 x 7м^2=23.240 м^2, 23.240-6.008= 17.232 м^2

- 6.8 ха површина за локација

3.320 x 25 м^2= 8.3 ха

8.3 ха - 1.5 = 6.8 ха

Се предвидува изградба на нова предучилишни установи и тоа во У.Е. 9 со капацитет од 260 места.

Решенијата за локации на објектите за предучилишно образование може да се бараат не само на чисти парцели, туку може и по пат пренамена и адаптација на еден или повеќе објекти и да се обезбеди потребниот простор.

б) Основно образование

Во моментот во Струмица егзистираат четири училишта во кои учат 4.230 ученици во 12.040,8м2 корисна површина и 1,32 ха локација.

Се предвидува дека вкупното население, старосна група од 7-14 години на крајот на планскиот период ќе биде застапено со 10,0% (4.630 ученици).

Согласно програмските определби сите ученици ќе бидат опфатени со основно образование. Корисна површина по ученик треба да изнесува 7 м² односно 25 м² за локација по ученик. Вкупно корисна површина за објекти треба 32.410 м² и за локација на парцелата 11,6 ха.

Оваа анализа покажува дека во Струмица во моментот нема доволно капацитети кои би ги примиле учениците од основното образование. За планскиот период треба да се обезбедат (4.630 - 4.230 места) = 400 места.

Во У.Е. бр.1 нема училиште.

Во У.Е. бр.2 има само едно - ОУ"Н. Вапцаров" со капацитет од 1.140 ученици. Корисна површина од 2.253 м² и површина на локација 3.300м².

Во У.Е. бр.3 има само едно - ОУ"Маршал Тито" со капацитет од 739 ученици. Корисна површина од 1.474 м² и површина на локација 2.800м², оваа локација не одговара од причини што училиштето го сочинуваат две згради кои ги дели сообраќајница.

Во У.Е. бр.4 нема училиште.

Во У.Е. бр.5 нема училиште.

Во У.Е. бр.6 нема училиште.

Во У.Е. бр.7 има две - ОУ"Сандо Масев" со капацитет од 1.107 ученици. Корисна површина од 6.059.54 м² и површина на локација 3.700 м² и ОУ"Моша Пијаде" со капацитет од 1.244 ученици. Корисна површина од 2.253.40 м² и површина на локација 3.400 м²

Во У.Е. бр.8 нема училиште.

Во У.Е. 2 "Благој Мучето" има и основно музичко училиште со капацитет од 90 места во две смени.

Во Струмица заради потребите на основното образование треба да се обезбведат уште:

- 32.410 м² корисна површина

4.630 x 7м²= 32.410 м², 32.410 - 12.041= 20.369 м²

- 14.51 ха површина за локација

4.630 x 25 м²= 11.60 ха 11.60 ха - 1.32 = 10.28 ха

Се предвидува изградба на нови училишта и тоа во УЕ 1 со капацитет од 380 места, УЕ 5 со капацитет од 380 места и УЕ 8 со капацитет од 310 места бкупно нови1.070 места.

Сите постојни гореспоменати капацитети работет во две смени што е спротивно со законската регулатива. Во новите капацитети предвидуваме двосменско работење.

в) Средно образование

Во моментот во Струмица егзистираат три училишта за средно образование во кои учат 3.555 ученици во 16.114 м2 корисна површина и 2.12 ха локација.

Се предвидува дека вкупното население, старосна група од 7-14 години на крајот на планскиот период ќе биде застапено со 6.2% (3.276 ученици).

Корисна површина по ученик треба да изнесува 7 м² односно 25 м² за локација по ученик. Вкупно корисна површина за објекти треба 22.932 м² и за локација на парцелата 8.19ха.

Оваа анализа покажува дека во Струмица во моментот нема доволно капацитети кои би ги примиле учениците од средното образование (имајќи ѓи во обзир нормативите од Правилникот).

Гимназијата "Јане Сандански" е во У.Е. бр.7 и е со капацитет од 1.161 ученици. Корисна површина од 4.020 м² и површина на локација 1.12м².

Техничко технолошкиот училишен центар "Никола Карев" е во У.Е. бр.8 и е со капацитет од 1.546 ученици. Корисна површина од 9.380 м² и површина на локација 7.000м².

Земјоделското училиште "Димитар Влахов" е во У.Е. бр.6 и е со капацитет од 830 ученици. Корисна површина од 2.714 м² и површина на локација 3.000м².

Во Струмица заради потребите на средното образование треба да се обезбедат уште:

- 6.818 м² корисна површина

2.870 x 7м²= 20.090 м², 20.090 - 16.114= 3.976 м²

- 7.17 ха површина за локација

2.870 x 25 м²= 7.17 ха 7.17 ха - 2.12 = 5.05 ха

Постојните капацитети на средните училишта во Струмица ги задоволуваат потребите до планскиот период.

2.2. Здравство

Ефикасноста при работењето на организацијата на здравствена заштита, зависи од условите обезбедени преку основните здравствени објекти, амбуланти и здравствени установи. Основната здравствена заштита на граѓаните е обезбедена.

Ова е детално образложено во постојната состојба на овие Измени и дополнувања на ГУП.

Према стандардите и нормативите се предвидува 8 кревети на 1000 жители, тоа значи дека во наредниот период треба да се обезбеди, основна здравствена заштита со капацитет од 354 кревети, со потребна квадратура за објект (370 x 8= 2.960 м²) од 2.960 м² и за дворно место (370 x 80= 29.600м²) од 3,0 ха. Моментално здравството има ангажиран простор од 3,28 ха. Што значи дека локацијата ги задоволува планските потреби а треба да се обезбедат уште (370 - 307)= 63 кревети.

Согласно определбите и поремување на здравствената служба идните потреби ќе бидат следните:

- Отварање на станици за прва помош во трговско-деловните објекти кои се предвидени во секоја населба, а се мултинаменски објекти;

- Отварање аптеки во истите деловни објекти;

За сите поголеми и покомплицирани случаи ќе се користат соседните медицински центри.

Вкупна равномерна разместеност и организираност на здравствените објекти во градот ќе придонесе за подобрување на квалитетот на здравствените услуги.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА * ОПШТИНА СТРУМИЦА *

2.2.1. Ветеринарно здравство

Постојната ветеринарна станица ги задоволува потребите на жителите од Струмица.

2.3. Социјална заштита

Идниот развој на социјална заштита ќе оди во правец на подобрување на основната заштита на населението.

Постојните објекти: Центарот за социјална работа и општинскиот црвен крст ги задоволуваат потребите од оваа област, само треба да се предвидат нови содржини како што е:

- дом за хендикепирани лица и деца без родители

Према нормативот треба да има 3 места на 1000 жители, што значи простор за 139лица. За овој број потребно е изграден простор од (139 x 20 = 2.780 м^2) 2.780 м^2, а парцела (139 x 50= 6.950 м^2) 0,69 ха.

Во У.Е. 5 обезбеден е простор од околу 1,2 ха за потребите на домот за хендикепирани лица и деца без родители.

Домот за стари лица кој постои ги задоволува потребите во смисол на локација и во планиратата состојба, а заради зголемување на бројот на жителите има потреба од зголемување на корисната повбршина за 160 м^2.

Во склоп на овој објект постои и простор кој претставува клуб на пензионери.

2.4. Културни дејности

Постојната состојба на објекти од оваа дејност делумно ги задоволува потребите на градот. До 2020 год. на градот ќе му бидат потребни следните функции и содржини:

- Библиотеките треба да располагаат со вкупен фонд на книги од (6.000 книги на 1.000 жители), а тоа е 277.776 книги, од кои 60% -166.666 би биле капацитет во матичната библиотека а 40%- 111.110 книги во локалните подрачни библиотеки. Потребна корисна површина на објектот би бил 4.430 м^2.
- Киното во градот треба да биде со капацитет од 1.770 седишта и корисна површина од 3.540 м^2. Во рамките на домот на културата може да се одвиваат повеќе дејности во повеќенаменската сала (кино, театар, концерти и др.). Со тоа ќе се надополни постојната состојба на постојното кино или да се предвиди нов објект.
- Музеј и галерија - ваков објект постои кој делумно ги задоволува потребите на градот. Со поголем напор на локалната самоуправа во градот има услови да се реновира една од многуте куќи што би претставувала, музеј " Стара градска куќа".
- Младинскиот дом е со мал капацитет 168 м^2 (корисна површина) а по нормативите за истиот се потребни да се обезбедат места за 2.214 корисници односно простор со корисна површина од 6.640 м^2.
- Спрема нормативите за просторно и урбанистичко планирање за пионерски дом треба да обезбедиме исто простор колку и за домот за млади.

2.5. Администрација и управа

Голем број на објектите од администрација се градени или реновирани во понов период и одговарат на својана намена.

За перспективните потреби на градот за административни и деловни објекти ќе биде потребно да се обезбеди вкупно околу 14.000 м2 корисна површина.

Во локалните центри ќе се обезбеди простор за канцеларија на месна заедница, повеќенаменска сала, простор за општествено политички организации.

3. ЗАШТИТА НА КУЛТУРНО-ИСТОРИСКИТЕ СПОМЕНИЦИ

Републичкиот Завод за заштита на спомениците на културата за потребите на урбанистичкото пканирање има изготвено **Експертен елаборат за заштита на културното наследство** во кој е дадена инвентарната недвижност на културното наследство од посебно значење. Списокот на регистрирани и евидентирани споменици на културата содржи: археолошки локалитети, цркви, манастири, џамии, бањи, безистени, кули, саат кули, турбиња, конаци, мостови, куќи, згради, стари чаршии, стари градски јадра и др.

Список на објекти кои се регистрирани 2003/04год.

1. Кула ул. "Охридска" бб - турски период.
2. Орта џамија - 1613/1614 год.3. Тврдина - Цареви кули - среден век
4. Црква Св. Тивериополски маченици - ранохристијански период
5. Црква Св. Кирили Методиј
6. Куќи на ул. "Матшал Тито" бр.3; бр.5; бр.6; бр.7; бр.9; бр.11; бр.13; бр.14; бр.15; бр.16; бр.18; бр.20; бр. 21; 25-а; 25-б; 25-в; бр.22; бр.24; бр.25; бр.28; бр.27-29; бр.30; бр.31; ; бр.33; бр.32; бр.34; бр.36; бр.38; бр.40; -период -20век
7. Куќа на ул. "Тошо Арсов" бр.23 - 19-20век
8. Куќа на ул. "Тодор Чучков" бб - 16-20век
9. Целина, дел од ул. "Матшал Тито"
10. Катастарска парцела 3730, некропола од доцноантичко време во централно градско јадро.

Во наредниот период надлежните институции во градот треба да преземат активности во смисла на обележување на истите со цел тоа во наредниот период да се заштити и во неговата реконструкција и адаптација да добие посебен третман.

4. ПРЕДЛОГ СООБРАЌАЕН СИСТЕМ

4.1. Предлог сообраќаен систем

Основниот сообраќаен систем содржи:
-анализа на постојната состојба на сообраќајните услови
-прогноза на идните потребни сообраќајни услови
-режимот на сообраќајот и капацитетот на сообраќајната мрежа

4.2. Информативна основа

-Просторен план на регионот -Источна Македонија
-Просторен план на општина Струмица
-Генерален урбанистички план на град Струмица донесен 2002год.
-сообраќајна поврзаност на градот со неговото опкружување
-степен на моторизација
-изворно целни сообраќајни текови

4.3. Сообраќајно поврзување

Според анализите и прогнозите градот и општината Струмица сообраќајните врски со своето непосредно и пошироко опкружување, ќе ги остварува преку постојниот Магистрален патен правец М-6,(Р.Бугарија-Ново Село-Струмица-Штип-м5) и преку Регионалниот патен правец Р-604, Струмица-Валандово-Автопат, што според вообичаените критериуми се предлага да се прекатекотизира од Регионален во Магистрален патен правец. За таа цел потребно е општината Струмица да покрене званична процедура со барање до Собранието на Република Македонија.

Покрај наведените патни правци Струмица кон Берово ќе биде поврзана со Регионалниот пат Р-523, кон Банско и Коњарево со Регионалниот пат Р-605 и кон Рич со Регионалниот Пат Р-602.

Поради развојот на приградските сообраќајни протоци кон: населените места Василево, Дабиле, Градско Балдовци и Куклиш потребно е тие заедно со градот Струмица да претставуваат интегрална целина и да бидат поврзани со сообраќајници од градски тип.

Трасите на обиколните патишта да се дислоцираат надвор од подрачјето што го сочинува Струмица со приградските населби. Поточно на североисток трасата да поминува покрај реката Струмица, а на југоисток источно од Дабиле и Градско Балдовци. Вкрстувањето помеѓу магистралните патишта и главните приклучоци кон нив, да се изведат со денивелација (графички прилог-Сообраќај).

Се обезбедува соодветен простор за лоцирање на железничката станица на просторот североисточно од градот, како и простор за трасата на идната железничка линија Штип-Струмица-Валандово-Смоквица, со крак од Валандово кон Дојран и Република Грција.

Според анализите за развој на воздушниот сообраќај на Република Македонија аедромот за јавен патнички и товарен сообраќај треба да се лоцира североисточно од градот на простотот помеѓу н.м. Василево и н.м. Петралинци. Економски е оправдана изградба на аеродром за превоз на земјоделски производи.

а) Локален сообраќај

Категоризирањето на градската сообраќајна мрежа во Македонија се извршува според одредбите од Законот за јавни патишта, каде се поместени следните видови улици:

-Магистрални улици, што поминуваат низ поголемиот дел од градот и се надоврзуваат на Магистрален или Регионален патен правец.

-Собирни улици, што го собираат сообраќајот од сервисните, станбените и локалните улици и се поврзуваат со магистрална улица или локален пат.

-Сервисни улици, што ги поврзуват собирните со станбените и локалните улици.

Сообраќајниот концепт на град Струмица е дефиниран според следните основни принципи:
-обезбедување на максимална мобилност и пристапност на секој од корисниците на уличната мрежа
-минимизирање на временските трошоци на патување на корисниците
-максимизирање на нивото на безбедноста на сообраќајот
-максимизирање на капацитетот и нивото на услуга на постојната улична мрежа
-минимизирање на негативните влијанија на сообраќајот врз заштита на животната средина

Направените анализи и прогнозата на елементите од локалните сообраќајни протоци главно ја потврдија потребата за постоење на сегашната мрежа на магистрални улици Булевар Ленинова-Булевар Матшал Тито-ул.Балканска-Клучка бр. 2, врска со Р-604 и ул. Климент Охридски, врска со Р-604.

Се предвидува до целната 2020 изградба на сообраќајници од градски тип кон населените места Василево, Дабиле, Градско Балдовци и Куклиш. Се препорачува таму каде е тоа можно, да се изврши резервација на простор за изградба на тие сообраќајници-коридор во ширина од 35-50м сметано помеѓу две спротивни градежни линии.

б) Јавен превоз на патници и стока

Според споредбените анализи на некои релевантни показатели за превоз на патници и стока јасно го покажуваат стихијното однесување во превозот на патници и стока во Струмица. Многу фактори укажуваат дека жителите на Струмица значително помалку го користеле меѓумесниот јавен превоз во однос на јавниот градски и приградски превоз, или пак се орентирале на превоз со сопствени возила.

Просечниот годишен пораст на мобилноста на жителите за градови со големина од 30 - 50 000 жители, како што е градот Струмица, се очекува да биде 2-2,1%. Според тоа во 2020 год. се очекува приближно 45 патувања по жител годишно односно околу 5 500 патувања дневно. Половината од овие патувања се остварувааат преку автобуската станица во Струмица каде се иницираат приближно 115 автобуски тргнувања

дневно. За овие патувања и предвиденото дислоцирање на автобуската станица на нова локација се предвидува да се изградат 10 автобуски перони исклучиво наменети за испраќање и прием на патници.

За оптимална организација на јавниот градски и приградски сообраќај потребни се следните критериуми:

-растојанието меѓу две функционални целини што треба меѓусебно да се поврзат да изнесува најмалку 2,5-3,0км.

-меѓустаничното растојание да биде, во град 400-700м, односно до 1,0-1,2км во приградските населби

-покриеноста на просторот со линиска мрежа за градски сообраќај да биде со најмалку 10 минутно пешачење до најблиското автобуско стојалиште.

-фреквенцијата на автобусите треба да биде најмалку 4 возила на час за секоја линија пооделно.

-возилата на јавниот и приградски сообраќај треба да се движат главно кон магистралните улици и улици изградени со ширина, геомертрија на раскрсници и надолжни наклони што ќе овозможат нормално одвивање на сообраќајот.

Во склоп на новопредвидените површини на Агро-берзата се предвидува терминал за сместување на тешки товарни возила. Домицилните товарни возила се сместуваат во кругот на транспортните претпријатија односно во рамките на дворните места на индивидуалните превозници.

Паркирање на товарни возила и автобуси, надвор од организираните паркиралишта не е дозволено.

4.4. Сообраќај во мирување

Согласно степенот на амортизација што се очекува 2020 год. кога приближно секое семејство треба да поседува патничко возило потребно е да се обезбеди простор за сместување на секое патничко возило. Во локалитетите со претежно индивидуално домување се предвидува гаражирање на возила во индивидуални објекти, а во локалитетите со колективно домување на секој стан по 1,2 паркинг места.

За паркирање на моторни возила надвор од уличната мрежа за одредени јавни функции во градот се обезбедува простор согласно Чл 36 од Правилникот за Стандарди и Нормативи за уредување на просторот.

На две локации во градот старата автобуска станица и градскиот пазар се предвидува во склоп на административно деловните објекти да се изградат гаражни куќи за организирано колективно паркирање.

4.5. Снабдување со нафта и нафтени деривати

Согласно нормативите за ваков тип на објекти во градот Струмица до 2020 год. се предвидуваат да се изградат најмалку 7 бензински станици. Во моментот во Струмица има изградено 5 бензински станици со кои се задоволени моменталните потреби.

5. КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

5.1. Снабдување на градот со вода

а) Потребни количини на вода

За наредниот период до 2020 год. се предвидува дека околните селски населби: Баница, Добрејци, Градско Балдовци, Дабила, Просениково и Водоча ќе се приклучат на градската водоводна мрежа.

За градот усвоена е водоснабдителна норма од 450 л/ден/жители, а за селските населби 270 л/ден/жители.

Со усвоената водоснабдителна норма ќе се покријат потребите од вода за населението, занаетчиството, индустријата која има потреба од санитарна вода, ќе се покријат потребите за поливање на зелените површини, миење на улици, поење на добитокот во селата и ќе се покријат загубите во водоснабдителниот систем кои се проценуваат на максимум 25%.

$Q^1_{ср/ден} = Q \times N = 450 \times 46.306 = 20.838$ м^3/ден = 241,20л/сек
$Q^1_{мах/ден} = Q_{ср/ден} \times a_1 = 20.838 \times 1,4 = 29.173$ м^3/ден = 337,70 л/сек
$Q^1_{мах/час} = Q_{max/ден} \times a_2 = 29.173 \times 1,5 = 43.760$м^3/ден = 506,50 л/сек

a_1 - коефициент на дневна нерамномерност
a_2 - коефициент на часова нерамномерност

Потреби од вода за селските населби приклучени на водоснабдителниот систем (8.950 жители во селата)

$Q^2_{ср/ден} = Q \times N = 270 \times 8.950 = 2.417$ м^3/ден = 28,0 л/сек
$Q^2_{мах/ден} = Q_{ср/ден} \times a_1 = 2.417 \times 1,4 = 3.384$ м^3/ден = 39,20 л/сек
$Q^2_{мах/час} = Q_{max/ден} \times a_2 = 3.384 \times 1,6 = 5.414$ м^3/ден = 62,70 л/сек

Вкупни потреби од вода за населението
$Q_{ср/ден} = Q^1_{ср/ден} + Q^2_{ср/ден} = 241,20 + 28,0 = 269,20$ л/сек
$Q_{мах/ден} = Q^1_{мах/ден} + Q^2_{мах/ден} = 337,70 + 39,20 = 377,0$ л/сек
$Q_{мах/час} = Q^1_{max/час} + Q^2_{max/час} = 506,50 + 62,70 = 569,20$ л/сек

б) Потреби од вода за индустријата

Во градот е застапена преработувачка индустрија за кои е усвоено нормата за водоснабдување да изнесува 30,0 м^3/ден/ха. Сметајки на 16 работни часови (две смени) потребите од вода изнесуваат:

$Q^3_{ср/ден}=FxQ_{инд}=177,14ха$ x $30м^3/ден/ха=5.314м^3/ден:16$ часа$=332м^3/час=92,30$ л/сек

Од градската водоводна мрежа во индустријата ќе се покријат само санитарните потреби, додека потребите од вода за технолошкиот процес ќе се задоволуваат од сопствени изворници.

в) Идни изворници на вода

Главен изворник на вода останува акумулацијата "Турија". Акумулацијата "Водоча" со зафатнина од $28x10^6м^3$ е алтернативен изворник на вода.

г) Објекти на водоснабдителниот систем

Филтерница

Според сегашните планови филтерницата се предвидува да се прошири за нови 120 л/сек или вкупно да се произведува 370 л/сек., со што целосно ќе бидат задоволени потребите од санитарна вода за градот и селата во планскиот период.

д) Потребен резервоарски простор за градот

Со постоечката планска документација за градот предвидено е изградба на резервоарски простор со две комори од по 4.500 $м^3$, од кои е изградена само една. Со изградба и на втората комора од 4.500 $м^3$ и со реконструкција на постоечкиот резервоар од 800 $м^3$ прашањето за резервоарскиот простор во градот ќе биде решен за подолг временски период.

Селските населби кои ќе бидат приклучени на градскиот водоснабдителен систем потребата од резервоарски простор ќе го решаваат самостојно према сопствените потреби.

е) Дистрибутивна водоводна мрежа

Проширувањето на градската водоводна мрежа ќе се одвива соодветно со проширувањето на градот. Горлив проблем претставува ул. "5 Ноември" каде има изградено куќи без запазување на прописите за градење, односно голем бр. од куќите се изградени до главната водоводна цевка ф 400 со што се јавува голем проблем од дефекти и неможност да се интервенира. Поради тоа се предвидува изградба на нова цевка ф 600 по ул. "Никола Карев", "11 Октомври" "24 Октомври", "Младинска" и по "Крушевска Република" до резервоарот за ниска зона.

Друг проблем во водоснабдувањето е делот од градот над ул. "Бетовенова" која спаѓа во висока зона, а најголем број од куќите се дивоградби, изградени без план, без соодветна сообраќајна инфраструктура и на клизиште. Изградбата на новите објекти е стихијно и на кота со која не може да се овозможи нормално водоснабдување од водоводната мрежа и од постоечките објекти. За да се овозможи нормално водоснабдување на тој дел од градот потребно е да се изврши урбанизација на просторот односно изградбата на новите објекти да се изведе према соодветните прописи и максимално да се вклопат новоизградените објекти во планираната станбена зона.

5.2. Евакуација и третман на отпадни води

а) Фекална канализациона мрежа

За одредување на капацитетот на мрежата усвоен е норматив од 80% од водоснабдителната норма. Количината на отпадните води во мрежата ќе се зголеми за 25% од инфилтрацијата на подземна вода.

Отпадни води од градот Струмица

$Q^o_{мах/час}$ = 0,8 x 450 x 1,4 x 1,5 x 46.306 = 405,0 л/сек x 1,25 = 506,25 л/сек

Отпадни води од индустријата се проценуваат на 50% од средно дневната потрошувачка на вода

Вкупни количини на отпадни води

$Q^o_{мах/час}$ = 506,25 л/сек + 46,0 л/сек = 552,25 л/сек

б) Пречистителна станица

Пречистителната станица за отпадни води е проектирана за плански период до 2020 год. со капацитет од 72.000 ЕЖ. За периодот после 2020 год. се предвидува проширување на пречистителната станица со максимален капацитет до 95.000 ЕЖ. После соодветниот третман пречистените води ќе се испуштат во р. Тркања.

Доколку некои индустриски капацитети испуштаат отпадни води од технолошкиот процес кои содржат материи што ќе го оневозможат нормалното функционирање на мрежата и идната пречистителна станица, потребно е да бидат подложени на претходен третман во фабричкиот круг пред да се испуштат во градската канализација.

Постоечкиот проблем со прелевање на атмосферските води во фекалната канализација поради несоодветна изведба на шахтите потребно е во најскоро време да се реши, бидејќи покрај тоа што се јавува проблем во функционирањето на мрежата, ќе се јави проблем и во функционирањето на идната пречистителна станица за отпадни води. Пречистителната станица е димензионирана за пречистување на фекални отпадни води, а со мешање и на атмосферските води, односно со зголемувањето на количината на вода за пречистување нема да можа да се постигне потребниот ефект на пречистување.

в) Атмосферски канализационен систем

За меродавна количина за димензионирање на атмосферската канализација усвоен е интензитетот на дождот од 120 л/сек/ха кој се јавува секоја втора година во времетраење од 15 минути.

Коефициентот на истекување е земен во зависност од намената на површината, падот на теренот и процентот на изграденост на разни градски функции.

табела бр. 14.

	намена на површина	коефициент на истекување
1.	станбени површини	
	градски центар	0,60
	средна густина	0,50
	мала густина	
2.	отворени површини	0,20
3.	Паркови	0,10

Зафатените атмосферски води ќе се испуштаат на одредени места во р. Водочица и р. Тркања и во регулираните порои.

г) Порои

Градот се соочува и со проблеми од "надворешните води" односно атмосферски води кои потекнуваат од сливните површини надвор од урбанизираната зона и навлегуваат во градот во вид на порои.

За да се избегне навлегување на атмосферските падавини во градското подрачје, каде атмосферската канализација е димензионирана за површините од градскиот регион, изработена е техничка документација со која се предвидени канали кои ќе ги прифатат "надворешните атмосферски води" од вкупно 176 ха сливна површина, и ќе ги испуштат во реципиентите - р. Тркања и р. Водоча.

Проектната документација изработена е пред повеќе години и веќе не се совпаѓа со постоечката ситуација на теренот. Имено голем број од куќите се изградени на просторот на кои е предвидено да се изградат каналите, така да потребно е да се изготви нова документација со која ќе се согледа постојната состојба и соодветно на тоа да се постават нови решенија за одведување на "надворешните атмосферски води".

5.3. Отстранување на цврст смет

Отстранувањето на цврстото ѓубре се врши со камиони и други средства наменети за таа цел. Во Струмица има две депонии и тоа депонија за индустриски смет "Тркања" на К.П. 1483/1 со површина од 24.000 м^2 и депонија "Шапкар" во месност викана Добрашин со површина од 88.750 м^2. Согласно Законот за комунални дејности во Просторниот план на Република Македонија предвидени се неколку регионални депонии за цврст комунален отпад и за опасни материи кои дефинитивно ќе придонесат кон обезбедување на овој систем во функција на заштита на животната средина меѓу нив е депонија за Струмичко-Радовишкиот регион.

Во рамките на општините треба да се определат локации за претоварна станица во која сметот ќе биде прифатен времено и потоа транспортиран во регионалната депонија.

Од Просторниот план на државата добивме податок дека проекцијата на покриеноста на градското население со систем за собирање, транспорт и депонирање на цврст комунален отпад до 2020 год., предвидува негово целосно покривање при што се предвидува вкупно 1.3 кг/ж/ден да биде депониран на санитарните депонии или за потребите на Струмица тоа значи:

46.296 жители x 1.3 кг/ж/ден = 60.185 кг/ж/ден

Надвор од планскиот опфат се предвидува депонија за цврст отпад со површина од 4,17 ха место викано средни рид, на јужниот дел надвор од градот.

5.4. Општи и посебни цели на долгорочен просторен развој во водоснабдувањето

Појдовна основа и цел во развојот во водостопанството е да се обезбеди доволна количина квалитетна вода, првенствено за водоснабдување на населението и за сите други дејности кои произлегуваат од сегашниот и планираниот развој на градот.

Долгорочното решавање на обезбеденост со вода на градот не треба да биде условено од материјалните можности, туку од неминовните потреби.

Во идниот период развојот на водостопанството треба да се одвива во правец на уредување на режимот на водите, користењето на водите и заштита на водите, преку:

- третман на водата како економска категорија, односно како производ кој има своја цена, со што ќе се овозможи оптимално управување со водите при нивното комплексно користење;
- максимално користење на локалните површинските и подземните води како извори за водоснабдување;
- перманентно истражување на подземните води во обем што ќе ги дефинира потенцијалните ресурси;
- одредување заштитни зони на сегашните и идните можни изворишта (површински водотеци, подземни води и акумулации) и одредување на мерки за заштита и подобрување на нивниот квалитет;
- спречување одделни парцијални решенија кои ќе го отежнуваат или оневозможуваат идниот развој на комплексни позитивни водостопански решенија;
- ревитализација и модернизација на системите за водоснабдување со цел да се намалат загубите на вода и да се зголеми степенот на искористеност;
- обезбедување вода за технолошки процеси со максимално рационализирање на потрошувачката, повеќекратно искористување на водата и осовременување на технолошкиот процес;
- запирање на трендот на влошување на квалитетот на површинските и подземните води;
- формирање на катастар на загадувачи;
- подобрување на квалитетот на водите до ниво на законски пропишаниот квалитет;
- ефикасно спречување на пороите и ерозијата на одредено подрачје со комплексно согледување на причините за нивната појава и комплексно решавање на проблемите;

5.5. Погодности и ограничувања на развојот

Развојот на еден регион е условен од богатството и можноста за експлоатацијата на природните ресурси меѓу кои спаѓа и водата како природен продукт без кој не може да се опстане.

Проблемот на водата може да се издвои како најкомплексен, бидејќи водата е незаменлив ресурс од кој зависи опстанокот на човекот, но водата е и суровина и средство за работа во производните процеси.

Водата која се јавува во некое подрачје во различни видови - водотеци, езера, подземни води, може да се смета за "ресурс" зависно од остварливоста на водостопански решенија за нејзино користење, односно од геотехничките услови, хидроградежните услови, економските услови, услови за еколошка заштита. Водата како "ресурс" количински е знатно помала од "присутните води", дури може да биде повеќеструко помала што мора да се има во предвид во планирањето.

Како највитален ресурс чија достапност е се поограничена, водата мора да се третира како добро од општ интерес, да се користи рационално, повеќекратно и повеќенаменски, во склад со долгорочни плански документи, врз основа на согласности и дозволи за користење како и под постојана општествена контрола.

5.6. Етапи и приоритет на реализација на планот од аспект на водоснабдување

Согласно Просторниот план на Р. Македонија и долгорочните планирања на комуналните јавни претпријатија во Р. М. предвидена е целосна покриеност на населбите со комунален инфраструктурен систем, односно предвидено е секој жител да добие санитарно хигиенски исправна вода за пиење.

Потребните количини на вода се обезбедуваат од расположивите ресурси - изворите, површинските и подземните води, како и изградба на нови акумулации. Обезбедувањето на потребните количини на вода не треба да се базираат само на изградба на нови зафати, туку е потребно примена на активности кои се поекономични и кои мора да бидат приоритетни во обезбедување на квалитетно и економично водоснабдување:

- Намалување на загубите на вода во водоснабдителните системи со рационално користење на водите, со замена на застарената мрежа и уградување на цевки со соодветни материјали и дијаметри;
- Проширување на мрежата согласно со ширење на градот;
- Модернизација во управувањето со водоснабдителниот систем
- Во изградбата и проширувањето на водоснабдителните системи приоритет треба да се даде на регионалните системи со кои се овозможува повеќе населени места да се снабдат со квалитетна вода. Во принцип овие системи се со поголем капацитет, бараат поголеми инвестициони вложувања, но даваат и поголема сигурност од аспект на квалитетот на водоснабдување и поголема економска исплатливост по корисник.

5.7. Канализационен систем

За да се заштитат водите на природните водотеци од загадување со комунални и индустриски отпадни води во планскиот период до 2020 год. во градот потребно е:

- проширување на атмосферската и канализационата мрежа на површината на целиот град согласно со неговото ширење
- доградба на главниот колектор до предвидената локација за пречистителна станица

5.8. Енергетска инфраструктура

За определување на идната потрошувачка на ел.енергија анализирани се податоци за потрошувачката на електрична енергија во изминатите години. При математичкото моделирање на потрошувачката како независно променлива величина е прогнозата на населението во Струмица до 2020 година.

Табела бр. 15. Годишна потрошувачка на ел.енергија во MWh по категории на потрошувачи

Год.	Домаќинст-ва	Индустрија	Останата потрошувачка	Улично Осветлува-ње	Вкупна потрошувач-ка
2001	100.045	27.168	17.945	2.722	147.880
2020	151.000	41.000	35.000	4.000	231.000

Се планира порастот на потрошувачката во 2020 год. во однос на 2001 год. по категории на потрошувачи и тоа во:

- домаќинствата за 1,51 пати (просечна годишна стапка на пораст 3%)
- индустријата за 1,51 пати (просечна годишна стапка на пораст 3%),
- останатата потрошувачка за 1,95 пати (просечна годишна стапка на пораст 4.9%)
- уличното осветлување за 1,47 пати (просечна годишна стапка на пораст 2,8%) и
- вкупната потрошувачка за 1,56 пати (просечна годишна стапка на пораст 3,2%).

Со порастот на потрошувачката во идниот период се планира и пораст на максималните моќности во напојните трафостаници Струмица-1 и Струмица-2.

Табела бр. 16. Максимални моќности во MW за период 2000-2020 год.

Година	2000	2005	2010	2020
Максимална моќност [MW]	31,70	41.0	48.00	56.00

Според тоа во на крајот на планскиот период во 2020 година се планира максималните моќности во однос на 2000 година да се зголемат за 1,77 пати при што просечната годишна стапка на пораст ќе иснесува 3,87%.

Следејќи го порастот на потрошувачката во домаќинствата и прогнозираниот број на жители односно домаќинства во градот во 2020 година може да се пресмета и годишната потрошувачка на ел.енергија по жител и домаќинство.

Табела бр. 17. Годишна потрошуважка на ел.енергија по домаќинство и жител

	Единица	2000	2020
Годишна потрошувачка на ел.енергија на домаќинство	kWh/дом.	8190	17000
Годишна потрошувачка на ел.енергија на жител	kWh/жит.	2340	4990

Во 2020 година потрошувачката на електрична енергија по домаќинство односно по жител ќе биде поголема во однос на 2000 година за 2.1 пати при што просечната годишна стапка на пораст ќе изнесува 5.0%.

5.8.1. Електропреносна мрежа

Планираниот пораст на потрошувачката на електрична енергија постојната електропреносна 110 kV мрежа може целосно да го прими. Со сегашната вкупна инсталирана моќност од 91,5 MVA трафостаниците Струмуца-1 и Струмица-2 дава можност за непречено и континуирано снабдување на конзумот.

Преносните 110 kV водови се димензионирани за да можат да го примат товарот до крајот на планскиот период. Единствено водот Валандово -Струмица-2 кој е со провидници Ал/че со попречен пресек од 150/25 мм² во 2020 год. ќе биде оптеретен повеќе од 50 % и при негова ревитализација се препорачува замена со провидници Ал/че со попречен пресек од 240/40 мм². За водот Струмица1-Струмица2 кој по целата своја должина минува низ градското подрачје предвидена е заштитна зона.

Во годините по 2020 потребите со инсталирана моќност можат да се рашат со замена на постојните енергетски трансформатори со поголеми или со поставување на втор трансформатор во ТС Струмица-2 а за кој има оставено градежна резерва.

5.8.2.Телефонска мрежа

Развојот на телекомуникацискатa мрежа во Република Македонија ќе ги следи најновите техничко-технолошки трендови во светот, а согласно со условите и потребите истите ќе се имплементираат во телекомуникацискатa мрежа на Македонија. За да можат да се искористат големите можности што ги даваат новите дигитални комутациони системи кои врашат интегрирање на разни видови на комуникации како што се пренос на слика, текст, податоци, истовремено по иста мрежа, потребно е прераснување на телефонската ПСТН мрежа, во мрежа на интегрирани услуги ИСДН, односно телефонска ИСДН мрежа.

Во Македонија во наредниот период ќе се следат и имплементираат најновите техничко-технолошки трендови во светот, широкопојасни услуги, пренос на податоци со голема брзина, а развојната мрежа ќе биде во согласност со условите и потребите на пазарот.

Корисничките компании на мобилната телефонија се АД Мобимак и Космофон. Тие во Струмица И околината имаат поставено свои базни станици, со кои целосно е покриен градот со сигнал од двете компании.

Планот на развојот на телефонскиот сообраќај во Струмица до 2020 год. е изработена со математичко моделирање на параметрите (густина и број на телефонски приклучоци) при што бројот на жители на крајот од планскиот период (2020 година), е земен како константна величина. При тоа корисниците ќе се обезбедени со: говорни услуги, услуги за пренос на податоци, пристап до интернет, мобилни електронски телекомуникациски услуги, јавни говорници.

Табела бр. 18. План за развој на телефонски капацитети во Струмица до 2015 год.

	Телефонски приклучоци			Густина на тел.приклучоци		
	2002		2020	2002		2020
	монт.	иско.	монт.	монт.	иско.	монт.
Струмица	14.546	13.072	19.500	33.99	30.54	42.12

Со планот за развој на телефонскиот комутационен систем се предвидува зголемување на капацитетот на телефонската централа како и на капацитетот во месната мрежа со зголемување на вкупниот број на телефонски приклучоци. Објектот каде што е сместена телефонската централа има просторни можност за ова зголемување на капацитетот.

За потребите на Македонски телекомуникации предвидена е локација (во близина на ОУ Никола Вапцаров) за иден оддалечен степен.

Планиран е и зголемен број на јавни телефонски говорници. Во градот планирани се вкупно 12 нови локации за телефонски говорници. Така во 2020 год. една телефонска говорница ќе опслужува 1400 жители. Со тоа ќе се подобри квалитетот т.е. опременоста на градот во сферата на телекомуникациите.

6. ЈАВНИ ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ, СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА

6.1. Јавно зеленило

Јавното зеленило во структурата на градот преставува битна компонента со многукратни функции и намени (санитерно хигиенска, рекреативна, заштитна, мелиоративна, естетско-декоративна).

Просторната разместеност, функцијата, намената, големината на јавните зелени површини во градот се резултат на планските согледувања.

Ќе сметаме дека потребите од јавно зеленило во Струмица ќе задоволат, ако се обезбеди најмалку 20 м² јавно зеленило по жител.

Од ова произлегува дека во 2020-та година вкупната површина од јавното зеленило ќе изнесува 16,31 ха.,а парковското зеленило ќе биде 5,76ха.

На овие површини треба да се додадати зелени санитарни зони околу индустриските објекти, кејското зеленило и други заштитни појаси.

Јавното зеленило ќе го систематизира слободниот простор во станбените делови и во градот во целост.

Градското зеленило со одреден систем ќе биде поврзано со вонградското зеленило, шумите и рекреативните површини. Системот на зеленилото треба да одговара на потребите на градот во однос на мелиорација на климатските услови, заштита од индустријата, создавање на можности за рекреација и да ја надополни просторната композиција на градот.

Исто така оформувањата на зелените површини долж реките е погодно за вкупното влијание врз режимот и квалитетот на водите.

Со пошумување на околните простори ќе дојде до промена на климатските услови како и до санирање на ерозијата, санирање на суводолицата и поврзување на градско со вонградско зеленило ќе се служиме со норматив од 100 м^2 по жител.

6.2. Спорт и рекреација

Определбата за развој на физичка култура со задоволување на потребите за спорт и рекреација на населението и обезбедување на неговата целосна опфатеност.

Според нормативот од 10 м^2/жител ќе биде потребно да се обезбеди површина од 44.30 ха. за објекти и терени за спорт и рекреација.

Од овие површини 2 м^2/ж припаѓаат за спортско рекреативниот центар. Центарот е опремен со спортска сала, отворени базени и мини хотел (кој е во изградба).

Локацијата на фудбалскиот стадион се задржува.

Терени за мали спортови се предвидуваат во УЕ 5 во Градскиот парк . Овие терени ќе овозможат развој на малите спортови тенис, кошарка, ракомет.

Целиот градски парк ќе претставува спортско рекреативна зона бидејќи во него ќе има трим-стази и центарот за мали спортови.

7. ГРОБИШТА

Површината која до 2020-та година ќе треба да се резервира за гробишта изнесува околу 17.7 ха (според нормативот 4 м^2/жител) и тоа за христијанските 16,3 ха а за муслиманските 1.4 ха, а моментално површината на христијанските гробишта е 9.52 ха додека пак на муслиманските гробиштата е 0.74 ха.

До крајот на планскиот период се претпоставува дека во Струмица ќе живеат ококу 40.733 христијани или 92% од населението.

40.733 жители x 4м^2 = 162.932 м^2

Муслиманите процентуално ќе бидат застабени со 8% што значи

3.542 жители x 4= 14.168м^2

Во градот постојат христијански и муслимански гробишта. Христијанските гробишта се сместени на северозападниот дел од градот, додека пак муслаиманските на југозападниот дел од градот. Во рамките на христијанските гробишта е извршена процентуална поделба за секоја вероисповед: односно за православната вероисповед 80%, за католичката вероисповед 6% и за протестанската вероисповед 4% .

8. БИЛАНС НА ПОВРШИНИТЕ ВО ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ГУП

Број	Намена на површини	Површина (ха)		Процент (%)
1.	**Домување**		**409,71**	**38,60**
	-семејни куќи -заеднички објекти -семејни куќи под заштита	344,23 64,36 1,12		
2.	**Јавни објекти**		**43,44**	**4,10**
	-образование -здравство -администрација -култура и споменици на култура			
3.	**Комерцијални објекти**		**60,30**	**5,68**
	-трговија - угостителство -услужни дејности -комунални дејности -сточен пазар -ветеринарна станица			
4.	**Стопански објекти**		**374,63**	**35,31**
	-стопански и др.производни објекти	374,63		
5.	**Спорт и рекреација**		**20,16**	**1,90**
6.	**Зеленило**		**22,07**	**2,08**
	-парковско зеленило -заштитно зеленило	5,76 16,31		
7.	**Духовна култура**		**20,38**	**1,93**
	-христијански гробишта -муслимански гробишта -цркви	16,30 1,40 2,55		

	-џамија, МК- муслиманска капела	0,13		
8.	**Водени површини**		**6,73**	**0,63**
	-реки, канали, суводолици и др.			
9.	**Сообраќајна мрежа**			
	-улици и тротоари -коридор на железничка пруга	92,50 11,08	**103,58**	**9,77**
	ВКУПНО		**1061,00**	**100%**

	Површини надвор од плански опфат			
1	**Пречистителна станица**	5,55		
2	**Депонија за цврст отпад**	4,17		

9. ПЛАНСКИ МЕРКИ ЗА ЗАСОЛНУВАЊЕ

Со овој плански документ треба да се применуваат критериумите за засолнување на населението (Сл. Весник на РМ бр.36/2004) од член 64 до член 71и глава 20 - **казнени одредби.**

Постојниот капацитет на простори за засолнување према Законот за Просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ 51/05) и Правилникот за стандарди и нормативи за планирање на просторот (Сл. Весник на РМ 2/02) треба задолжително да се користат двонаменски. Заради тоа истите треба да се дефинирани со својата втора намена, со што би се надополниле содржините во градот, што би влегло и во билансите на површини за одредени дејности (простор за складирање, простор за угостителство, простор за просветоно културни дејности и сл.).

Во мирновременски услови надлежност на овие простори има корисникот, но со одредени услови на користење према чл. 71 од (сл.весник 34/04).

Во воено време со објектите управува Министерство за одбрана на начин што ќе се одреди со актот согласно член 93 од Законот за одбрана.

10. ПЛАНСКИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА ОД ПОЖАРИ И ДРУГИ КАТАСТРОФИ

Заштитата од пожари е регулирана со "Закон за заштита и спасување" (Сл. Весник на РМ бр.36/04) во чии член бр. 76 до член бр.87.

Заради остварување на поуспешна заштита од пожари, соодветни мерки за заштита од пожари се предвидуваат во просторните планови на општината и урбанистичките планови на населените места, а особено за:

1. Изворите за снабдување со вода, капацитетите на градската водоводна мрежа и водоводните објекти (црпни станици, резервоари, хидранти и слично) кои обезбедуваат доволно количество вода за гаснење на пожари;
2. Одалеченоста меѓу зоните предвидени за станбени и јавни објекти и зоните предвидени за индустриски објекти и објекти за специјална намена (за сместување лесно запаливи течности, гасови и експлозивни материи);
3. Оддалеченоста меѓу објектите со различна намена и отпорност на пожари на конструкциите внатре во индустриската и станбената зона и објектите за специјална намена, која ќе овозможи спроведување на мерките за заштита од пожари и
4. Ширината, носивоста и проточноста на патиштата со кои ќе се овозможи пристап на противпожарни возила до секој објект и нивно маневрирање за време на гаснењето на пожарите.

Изработувачот на плановите од став 1 на овој член задолжително прибавува мислење од општинскиот орган на управата надлежен за внатрешни работи во однос на застапеноста на мерките за заштита од пожари.

Освен цитираната содржина на чл.9, не постои друга законска или подзаконска регулатива за поблиската содржина на елаборатите за противпожарна заштита во состав на разните видови просторни и урбанистички планови.

Во овој елаборат ке биде даден осврт на тоа во колкава мера поставките на измените и дополнувањата на ГУП одговараат на барањата и мерките содржани во четирите точки од чл.9 на Законот.

Првата точка упатува на мерката за обезбедување на капацитети на градската водоводна мрежа и соодветни објекти во мрежата преку кои би се располагало со доволно количества вода за гаснење на пожари во рамките на опфатот на урбаното подрачје.

Во аналитичкиот и планерскиот дел на ГУП е констатирано дека Струмица како и други градови во Републиката го има решено водоснабдувањето но наидува на проблеми со застареноста на водоводната мрежа и потребната реконструкција на мрежата.

Значи има вода за пиење која во критични моменти би се користела за гаснење на пожари.

Она што е речено во анализите на состојбите и во предвидувањата на понатамошен развој и во предвидувањата за понатамошен развој на водоснабдувањето на градот во потполност одговара на мерките и барањата од точка 1.

Како поткрепа на овој заклу;ок се истакнува следното:

- Опфатот на урбаното подрачје е добро покриен со водоводна мрежа, што е гаранција дека за нејзиното ширење ке нема некои ограничувања од планерски аспект;
- Предвидените четири приоритетни групи на задатоци за интервенции во водоснабдител-ниот систем се воедно и плански мерки за поуспешна заштита од пожари на целата градска територија.

Со остварувањето на предвидените задатоци ке се обезбедат потребните количини вода и притоци во мрежата за гаснење на пожари.

- Што се однесува во хидрантската мрежа таа е предмет на планирање на пониски нивои:

Во деталните урбанистички планови и во условите за градба на колективни станбени згради и други поголеми нестанбени објекти од областа на општествениот стандард и стопанството, односно при изработка на главни проекти за ширење на водоводната мрежа или за реконструкција на постојната и сето тоа во согласност со подзаконската регулатива за ефикасно спротивставување на пожарите.

Втората точка на чл.9 зборува за обезбедување на неизградени простори како едно од позитивните фактори за заштита од пожари, помеѓу станбената и работната зона, затоа што начелно се проценува дека во работната зона се наоѓаат или складираат поголеми количини лесно запаливи и експлозивни материи.

Проблем за заштита би биле дивоизградените населби кои ги има и во Струмица но со текот на времето и тие ке се решат со изработка на детални урбанистички планови.

На повеќе места во рамките на урбаното подрачје се предвидени помали делови од работната зона наменети воглавно за развој на сервиси и мало стопанство. Некои од овие делови се во непосреден контакт со деловите од станбената зона, но во нив е категорички забрането лоцирање на стопански субјекти што се занимаваат со лагерување и промет на лесно запаливи и експлозивни материи или во нивните технолошки процеси користат поголеми количини на такви материи.

- Третата точка од чл.9 го наметнува прашањето за обезбедување на слободни неизградени простори околу различните видови објекти како позитивни фактори во успешната противпожарна заштита. Исто така оваа точка упатува на примена на такви градежни материјали што се поотпорни за пренесување на пожари. И едното и другото барање се предмет на обработка во деталните урбанистички планови во кои се определуваат покрај останалото и диспозициите на објектите, нивните намени, меѓусебни просторни односи, односи кон уличната мрежа.

Барањата од четвртата точка на чл.9 од Законот се исто така предмет на елаборација во пониските планови, т.е. деталните урбанистички планови. Барањата укажуваат на предвидување и обезбедување на такви ширини носивости и проточности на уличните мрежи - профили кои ке обезбедуваат непречено движење и маневрирање на противпожарните возила.

Во таа смисла се и насоките на овој ГУП во определувањето на профилите на магистралните и колекторските улици во кои најмалата ширина на лента во една насока мора да биде најмала 3,5 м. односно 3 м., а вкупниот регулационен профил кај магистралните улици 24 м. и (повеќе во зависност од постојната состојба и теренските услови) и кај колекторските 15 м. и повеќе (или во зависност од постојната состојба) во функција на што побрза интервенција во гаснење на пожарите е и планската обврска. Магистралните улици да имаат најмалку по 2 сообраќајни ленти во двете насоки, со реско издвојување на пешачките од моторни движења.

Кај колекторските е услов да се обезбедува најмалку по една сообраќајна лента во двете насоки со диференцирање на пешачкиот и моторниот сообрааќај.

Што се однесува до вкупните регулациони профили на улиците од повисок ранг (колекторски и магистрални) некои автори нив ги посматраат и како противпожарни прегради од I, II и III ред.

За против-пожарни прегради од I ред се сметаат оние неизградени простори или улични профили кои имаат ширина најмалку колку што е збирот на висините на објектите од спротивните страни плус 20 метра.

Против-пожарни прегледи од II ред се оние кај кои ширината е равна на збирот од висините на објектите од спротивните страни плус 10 метри, а акј прегрдите од III ред ширината треба да биде најмалку колку што е збирот на висината на објектите од спротивните страни.

Против-пожарните прегради од I ред го спречуваат пренесувањето на пожарите, од втор ред даваат сразмерно добра заштита од пренесувањето на пожарите, а од III ред само го отежнуваат пренесувањето на пожарите но и не го спречуваат при подолго траење.

Со мрежата на колекторски и магистрални улици урбаното подрачје е изделено на помали делови времени со улични или други неизградени со надземни објекти коридори, кои би го спречувале ширењето на пожарите.

Исто така поголемите зелени површини се мисли на паркот на кој е застапено густа концентрација на насади не преставуваат против-пожарни прегради, туку спротивно се уврстуваат во добри пренесувачи на пожари.

За овој момент мора да се води сметка при детално планирање и реализирање на хортикултурни решенија за парковски скверни и други зелени површини.

При немање на попрецизна подзаконска регулатива во урбанизмот за критериуми и нормативи за определување на пожарното оптеретување на различно изградени просторни опфати, ќе бидат применети пак некои авторски предлози за изразување преку еквивалентна количина дрво во килограми на 1 м^2 земјиште, земајќи дека калоричната вредност на 1 кг. дрво изнесува околу 16,75 МЏ (мега џули), односно поранешна мерка 4000 ккал (кило калории). Па така:

- За пожарно оптеретување до 25 кг/м^2, односно до 420 МЏ калорична вредност на 1 м^2 земјиште, може да се рече дека е мало а со тоа и опасностите од ширење на пожари се мали. Во оваа категорија влегуваат сите оние новоизградени комплекси со индивидуална станбена градба со просечна катност од П+1 кат и примена на современи градежни материјали и армиранобетонски конструктивни системи во западниот, северниот и јужниот реон;
- За пожарно оптеретување од 25 до 50 кг/м^2, односно 420 - 840 МЏ калорична вредност на 1 м^2 земјиште, може да се рече дека е средно и дека појавен пожар може да се пренесува во непосредна околина;
- Пожарното оптеретување од 50 до 100 кг/м^2, односно од 840-1680 МЏ калорична вредност на 1 м^2 земјиште, се оценува како големо и постојат вероватности дека ќе се формираат површински пожари;
- За пожарно оптеретување од 100 до 150 кг/м^2, односно од 1680-2520 МЏ калорична вредност на 1 м^2 земјиште, се оценува како големо и постојат вероватности дека ќе се формираат површински пожари;
- За пожарното оптеретување преку 150 кг/м^2, односно преку 2520 МЏ калорична вредност на 1 м^2 земјиште, се оценува дека е многу големо при катастрофалните површински пожари се неизбежни.

Со средно пожарно оптеретување се карактеризира воглавно централниот реон каде е застапена мешана градба и по материјал, и по старост и по катност и каде уличната мрежа во поедини пунктови може да се јави како тесно грло во ефикасноста на интервенциите за сузбивање на пожари. Со истото оптеретување би се карактеризирала и работната зона под претпоставка на нејзина целосна реализација.

Во рамките на урбаниот опфат не можат да се индентификуваат комплекси за кои биле карактеристични големо и многу големо пожарно оптеретување.

Едно појаснување: противпожарните прописи во високоградбата нормираат три степени на пожарно оптеретување: ниско до 1256 МЏ/м^2 корисна површина; средно до 1257 до 3350 МЏ/м^2 корисна површина; високо преку 3350 МЏ/м^2 корисна површина. Предложениот авторски критериум од 5 степени се однесува на вкупната земјина површина на локацијата односно земјишниот комплекс или опфат. Тоа значи дека пожарното оптеретување од сите објекти во комплексот се упростува - сведува на 1 м^2 вкупна земјишна површина.

И конечно, во плански мерки за заштита од пожари може да се смета и концепцијаа на ГУП за лоцирање на нови противпожарни станици покрај постојната .

Во насловот на оваа глава покрај планските мерки за заштита од пожари се бара да се разработаат и мерките за заштита од други катастрофи. Тука најверојатно се мисли на земјотреси и воени разурнувања чија последица, покрај другото, се и појавите на пожари. што се однесува до земјотресите заштитата е по пат на примена на технички прописи за асеизмичка градба, зависно од очекуваниот степен на сеизмичкиот хазард. Што се однесува за мерките за заштита од воени разурнувања тие се разработени во посебен анекс кон ГУП, а пожарите си се пожари, без оглед на тоа како и од што се предизвикани.

11. ПЛАНСКИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА ВОДАТА, ВОЗДУХОТ И ПОЧВАТА

Како составен дел на ГУП на град Струмица према упатството за начин и обработка на ваков вид плански документации во кратки црти ја обработуваме и областа за т.е. преземените мерки за Заштита на водата воздухот и почвата.

При обработката на овој дел од програмските барања постојат два мошне значајни и ограничувачки фактори, а тие се:

- Примена на Законот за Заштита и унапредување на животната средина и природата (Сл.весник на РМ бр.13/03) при изработката на просторните и урбанистичките планови треба да бидат запазени и елаборирани од аспект на заштитата на трите животни медиуми, и
- На просторот на Република Македонија немаме системско следење на состојбата во врска со загадувањето, врз основа на чии податоци би се правеле одредени заклучувања и предлагале плански мерки за заштита на средината (состојбите во оваа област се веќе начелно изнесени во текстуалниот дел на оваа книга) освен на одредени подрачја кои се критични во овој поглед. При ваква ситуација наведени сме на импровизирани текстови кои ги насловуваме како елаборати на плански мерки за заштита на животната средина.

Како плански мерки на овој ГУП за заштита на водата (површинска и подземна) би можеле да се сметаат следните:

1. Неминовно е изградба на Пречистителна станица и испуштање на пречистените води во Муртинскиот канал јужно од опфатот на урбаното подрачје.
2. Насока за регулирање а потоа одржување и унапредување на чистотата на водотеците и нивните корита низ опфатот на урбаното подрачје. Во оваа смисла треба да се обрне внимание на регулација на Река Тркајна и Крива река и уредување на речното корито, како и регулацијата на пороите.

Како плански мерки за заштита на воздухот би можеле да се сметаат следните:

1. Потребно е сите постојни улици од повисок ранг (магистрални - колекторски) освен изградените коловози да се дооформат и со другите планирани елементи на попречните профили (тротоари, тревници и дрвореди) со што би се редуцирале земјаните површини кои во сегашната состојба се големи извори на прашина. Ова покажува да во иднина предвидените улици треба да се гради во нивните вкупно предвидени попречни профили.
2. Совесно одржување на постојното градско парковско и скверно зеленило а истовремено вложување на напори за формирање на нови такви површини кои се предвидени со овие Измени и дополнувања на ГУП, за парковско и заштитно зеленило во самото градско ткиво и работните зони.

Наведените мерки за заштита на водата и воздухот се воедно и дел од мерките за заштита на почвата. Граѓаните и жителите треба да обрнат доволно внимание на одржувањето и зачувувањето на градското зеленило и дрвореди.

Плански мерки за заштита на водата, воздухот и почвата се дадени и во одредбите за реализација на Измени и дополнувања на ГУП.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА СТРУМИЦА

Број 20-571/1 од 24.02.2025 год.

СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ

И КОМУНАЛНИ РАБОТИ

ИЗВОД ОД ПЛАН БРОЈ 20-571/2 од 26.02.2025 год.

ДУП за Блок бр.3 и 5

Одлука бр. 07-2658/1 од 28.04.2011год.

По барање на: ДППИ Стан – Арт Куманово

ДЛ:

Изводот од ДУП за блок бр. 3 содржи:

Графички дел:

- графички прилог од синтезен план
- графички прилог од сообраќаен и нивелациски план

Текстуален дел:

- Вид на планот
- Географска и геодетска местоположба на планскиот опфат
- Текстуални одредби од изводот на план од повисоко ниво
- Планска програма
- Опис и образложение на плански концепт
- Опис и образложение на плански решенија за изградба
- Плански мерки за заштита
- Услови за изградба
- Посебни услови за изградба
- Нумерички показатели

ОПШТИНА СТРУМИЦА

Г р а д о н а ч а л н и к

Костадин Костадинов



БЛОК-3
6.3.I
7.3.I
8.3.I
П+2
Н=9.0м
9.3.I
10.3.I
11.3.I
12.3.I
13.3.I
14.3.I
15.3.I
16.3.I
17.3.I
18.3.I
19.3.I
20.3.I
П+1
Н=6.8м
21.3.I
22.3.I
23.3.I
24.3.I
25.3.I
26.3.I
27.3.I
28.3.I
29.3.I
30.3.I
31.3.I
34.3.I
35.3.I
36.3.I
37.3.I
38.3.I
39.3.I
40.3.I
41.3.I
42.3.I
43.3.I
44.3.I
45.3.I
46.3.I
47.3.I
48.3.I
49.3.I
50.3.I
51.3.I
52.3.I
54.3.I
55.3.I
56.3.I
57.3.I
58.3.I
67.3.I
68.3.I
ТП-нова 1
630КVа
ф315
ф160
ф250
ф140
ф200
ф300

ПОПРЕЧНИ ПРОФИЛИ
НА СООБРАЌАЈНИЦИ

собирни улици

У-1 ПРЕСЕК 1-1



У-8 ПРЕСЕК 3-3



сервисни улици

У-7 ПРЕСЕК 4-4



индустриски улици

У-2 ПРЕСЕК 2-2



У-6 **У-3** **У-5** **У-15** **У-16** ПРЕСЕК 5-5



У-6 **У-3** **У-2** ПРЕСЕК 6-6



РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СТРУМИЦА
СОВЕТ НА ОПШТИНА
Друштво за проектирање
Визура

ПОПРЕЧНИ ПРОФИЛИ
НА СООБРАЌАЈНИЦИ

индустриски улици

У-2 ПРЕСЕК 7-7



У-4 ПРЕСЕК 8-8



пристапни улици

У-11 ПРЕСЕК 9-9



У-12 У-13 У-17 ПРЕСЕК 10-10



пешачки улици

У-14 У-18 ПРЕСЕК 11-11



речно корито ПРЕСЕК 12-12



РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СОВЕТ НА ОПШТИНА
ОПШТИНА СТРУМИЦА
Визура

ДП "ВИЗУРА" ДООЕЛ СТРУМИЦА ЛЕНИНОВА 15 ТЕЛ. 034 348-730

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА
НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

БЛОК 3 и 5
ОПШТИНА СТРУМИЦА

Јануари- 2011

ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА ДЕЛ ОД ГРАД СТРУМИЦА - БЛОК 3 И 5

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

С О Д Р Ж И Н А:

1. Вид на планот стр. 1

2. Геогравска и геодетска местоположба стр. 1

3. Текстуални одредби од изводот на план од повисоко ниво стр. 2

4. Планска програма стр. 2

5. Опис и образложение на планскиот концепт стр. 5

6. Опис и образложение на планските решенија стр. 5

7. Опис на земјиште за општа употреба стр. 6

7. Економско образложение стр. 9

8. Мерки за заштита на природното богатство во планскиот опфат стр. 9

9. Општи услови за грдба стр. 11

10. Посебни услови за градба стр.12

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА СТРУМИЦА "СОВЕТ НА ОПШТИНА"

Друштво за проектирање Визура увоз-извоз доосел Струмица

ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА ДЕЛ ОД ГРАД СТРУМИЦА
БЛОК 3 И 5
ПЛАНСКИ ПЕРИОД
2011-2016

1. Вид на планот

Предмет на оваа документација е изработка на детален урбанистички план на дел од град Струмица, блок 3 и 5. Планот е изработен во согласност со Закон за просторно и урбанистичко планирање, (Сл. Весник на РМ бр. 51/05, 137/ 07 и 91/09). Закон за измена и доплнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање (сл.в. на РМ бр. 91 од 2009год), Правилникот за поблиската содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови, (сл.в. на РМбр.78 од 2006год). Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (сл.в.бр.78 од 2006год,) Правилник за измена и дополнување на правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (сл.в. на РМ бр.140 од 2007год.), Правилник за измена и дополнување на правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (сл.в. на РМ бр.12 од 2009год,). и други закони и подзаконски акти кои обработуваат некои сегменти од областа на урбанистичкото планирање.

Со планскиот опфат се третираат **51.168Ха**, од кои **26.329Ха** блок бр. 3 и **24.839Ха** од блок бр 5. Мал дел од блок 5 на југоисточната страна, не е опфатен во планскиот опфат, а целосен и поадекватен третман на овој дел ќе се даде со изработката на ДУП за соседниот блок бр. 6.

Важноста на планот е 5 години од неговото донесување.

2.Геогравска и геодетска местоположба

Урбаниот опфат е заокружен со природни граници и тоа од север катастарската меѓа помеѓу Струмица и с. Добрејци, од исток канал за наводнување, од југ патот Струмица Просениково и од запад река Водочница и патот Струмица Добрејци.

Границата на урбаниот блок бр. 3 е природна граница, која оди осовински по улиците или претставува граница на катастарска парцела, која одејќи од север према исток ги опфаќа следните парцели: Почнува од спојот со главната улица на зона Север и регионалниот пат R-610 Струмица- Василево, оди по осовината на собирната улица У-1 која ја сочинуваат КП 6399/1 и 6312/1, продолжува низ КП 6512, па по средината на КП 6511 се до спојот со локалниот пат L-4 Струмица Просениково КП 8024, продолжува осовински по патот L-4 према југозапад, се до коритото на река Водочница. На западната страна од југ према север оди по осовината на речното корито на река Водочница, па 6514/5 се до спојот со локалниот пат R-610 Струмица Василево КП бр 6523, а потоа продолжува до почетната точка, спојот со собирната улица на Зона Север.

Границата на урбаниот блок бр. 5 е природна граница, која оди осовински по улиците или претставува граница на катастарска парцела, која

одејки од север према исток ги опфаќа следните парцели: КП 6399/6, КП 6399/12, КП 6399/5, 6519/2, 6519/1,6518/1, 6518/2, се прави мал скок и продолжува по осовината на каналот за наводнување КП 1581, се до локалниот пат L-4 Струмица- Просениково на јужната страна КП 8024. На југ продолжува осовински по патот, се до крстосувањето со новопроектираната улица, до влезот на антенскиот столб на РДМ. Према североисток продолжува по средината на КП 6511 и ја дели на два дела, а претставува осовина на собирната улица помеѓу двата блока. Продолжува низ КП 6512 , па осовински по изведената улица на зана Север КП бр. 6512/1 и 6399/1, се до спојот со локалниот пат Стрмица Добрејци КП 6397, на крајниот запад до почетната точка североисточното теме на КП 6399/6.

3.Текстуални одреби од изводот на план од повисоко ниво

Со генералнот план на градот Струмица, бр. 07-4826/1 од 18.07.06г дадени се насоки за развој на гардот во сите сегменти од живеењето. За полесна реализација и функционирање градот е поделен на девет урабани единици и централно градско подрачје. Секоја урбана единица е поделена на урбани блокови, за кои е потребно изработка на детални урбанистички планови. Урбаните блокови 3 и 5 припаѓаат на урбана единица -1. Во УБ бр. 3 потврдени се постојните намени на површините и тоа стопанство, комунални дејности, сточен пазар, ветеринарна станица. Процентот на изграденост на парцелата е дозволен до 70%, коефициент на искористеност до 3, висина на објектите 9 и 12м во зависност од намената. Во УБ бр. 5 потврдени се постојните намени на површините и тоа стопанство, комерцијални дејности, радио станица. Процентот на изграденост на парцелата е дозволен до 70%, коефициент на искористеност до 3, висина на објектите 9 и 12м во зависност од намената.

Покрупни промени на планот се забележуваат во намалување на површината за јавни објекти - радио станица.

Помеѓу двата блока е предвидена сообраќајница од примарен карактер, собирна улица, која е со минимален попречен профил од 16м, и тоа две коловозни траки од по 6.5м и два по 1.5м тротоари. Југоисточно и западно блоковите ги тангираат сервисни улици со поречен профил од 10м. или 6м. коловоз и два по два м. тротоари.

Со деталниот урбанистички план кој досега е изработен за овој дел од градот опфатени се околу 20 Ха, гардежно земјиште. Со овој план кој е изработен 1994 год. врз основа на Основниот урбанистички план на градот, се предвидува проширување на индустријска зона. Оваа инустриска зона популарно е позната како зона „Север" и е реализирана околу 50% од предвиденото. Како реални пречки во реализација на останатиот дел од идустриската зона се претпоставува строгата намена на површините, кои поделени во 52 парцели се со точно прецизирани градби, што е во спротивност на слободното ориентирање на функциите во согласност со потребите.

Со деталниот план освен централната улица, која во блокот е предвидена како собирна улица со профил од 23м. и тоа 7м коловоз, два по 4м зеленило и 2 по 4м. тротоари. Се проектира и индистриски улици за пристап до парцелите со попречен профил од 17м. или 9м.коловоз, и два по 4м. тротоари.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА „СОВЕТ НА ОПШТИНАТА" ОПШТИНА СТРУМИЦА

Друштво за проектирање Визура увоз-извоз доел Струмица

4. Планска програма

Изработката на овој детален урбанистички план се базира на програмата на советот на Општина Струмица за 2008год. а по иницијатива на корисниците на просторот и претставува дел од урбан блок бр.1 кој е во глобалната поделба на блокови во Генералниот план на општина Струмица.

Изработувањето на планот се врши во согласност со одредбите на законите кои ја обработуваат прблематиката на урбанистичкото планирање и тоа:

-Закон за просторно и урбанистичко планирање, сл.в. на РМ бр. 24 од 2008год, (пречистан текст).

-Закон за измена и доплнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање, сл.в. на РМ бр. 91 од 2009год,.

-Правилникот за поблиската содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови, сл.в.бр.78 од 2006год.

-Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање сл.в.бр.78 од 2006год,

-Правилник за измена и дополнување на правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање сл.в. на РМ бр.140 од 2007год,

-Правилник за измена и дополнување на правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање сл.в. на РМ бр.12 од 2009год,

-Други закони и подзаконски акти кои обработуваат некои сегменти од областа на урбанистичкото планирање.

Појдовна основа во изработката на планот е Генералниот план на гарот Струмица и документационата основа на планот. Во изложените поставки и концепти на соодветен начин се вградени и сугестиите, мислењата и предлозите на жителите и другите субјекти кои се сегашни и идни корисници на просторот.

Градбата во урбаниот блок, и движењето на промените во гардбата се остварени со детални планови кои се реализирани околу 50%.

За изработка на Деталниот урбанистички план, основната цел произлегува од заедничките интереси на сопствениците на просторот и пошироко на гардот, а како најважни се:

-Утврдување на границите до кои може да се оди со градба по хоризонтала и вертикала.

-Утврдување на намената на семјиштето и градбите, со непречено функционирање на истите.

-Обезбедување на непречено одвивање на моторниот, пешачкиот и статичниот сообраќај.

-Инфраструктурните системи за водовод, канализација и електрични инсталации да обезбедат поквалитетно и современо живеење, здрава и безбедна животна средин

-Со планска градба, стандардизација на материјали и елементи во фасадните обликувања, да се формира естетски убав изглед на секоја улица и градот во целост.

Анализата на степенот на реализација на важечкиот урбанистички план и постојната состојба на теренот, се вредности кои однапред дефинираат некои услови во понатамошното планирање, а тоа се:

Диспозицијата на блокот е во северниот дел на градот Струмица, се простира на рамен терен. Поради добрата сообраќајна врска, тернот е погоден за изградба на објекти за работа. Главна содржина во урбаниот блок е

индустриски објекти, кои по новата систематизација на класа на намени спаѓаат во група на класа на намени Г- производство, дистрибуција и сервиси.

Во рамките на границата на зацртаниот опфат, према геодетските планови и увидот на лице место, на оваа градежно земјиште постојат изградени површини, кои ќе бидат основ за идните планирања и развој на вкупната територија.

Во БЛОК-3 евидентиран е следниот градежен фонд.

$Г_{3,4}$-сервиси со стоваришта, зафаќат 29 199м^2 градежно земјиште од кои 6677м^2, под објект.

$Б_1$ –мали комерцијални и деловни намени- зафаќа 1253м^2 градежно земјиште од кои 636м^2, под објект.

$Б_2$-големи трговски единици -пазар на отворено, зафаќат 15140м^2 градежно земјиште од кои 63м^2, под објект.

$В_2$-објекти од здравство –ветеринарна станица, зафаќат 4001м^2 градежно земјиште од кои 374м^2, под објект.

$Г_2$-лесна и незагадувачка индустрија, зафаќат 7494м^2 градежно земјиште од кои 164934м^2, под објект.

Во БЛОК-5 евидентиран е следниот градежен фонд.

$Г_{3,4}$-сервиси со стоваришта, зафаќат 28831м^2 градежно земјиште од кои 5402м^2, под објект.

$Б_1$ –мали комерцијални и деловни намени, зафаќа 1470м^2 градежно земјиште од кои 782м^2, под објект.

$Г_2$-лесна и незагадувачка индустрија, зафаќат 20475м^2 градежно земјиште од кои 6335м^2, под објект,

$Г_3$, $Е_2$ –сервиси, бензинска станица, зафаќат 3380м^2 градежно земјиште од кои 1020м^2, под објект. Тие два објекта функционираат во една геадежна парцела.

На овој простор поголем дел од градежното земјиште зафаќа антена за радио дифузија, која веќе подолго време не функционира, а македонското радио, кое е корисник на просторот, користи антана од локалните радио станици. Со генералниот план се намалува површината на околу 50% од постојната, па ќе биде неопходно поместување на истата со друга конструкција.

Во двата блока организирана е градбата во согласност со деталниот урбанистички план со мали отстапувања, кои не се во спротивност Законите и други правни акти кои ја регулираат оваа област.

Процентот на изграденост во парцелите е слаб и е со просек 29.58% во блок 3 и 10.7% во блок 5. Тоа е поради нерешената комунална инфраструктура, а и непостоење на ДУП на скоро 50% од површината.

Бидејќи блокот се наоѓа во северниот дел, во близина на главниот влез во градот, сообраќајно е добро поврзан со сите делови на градот. На југоисточната страна го тангира локалниот пат -Струмица Просениково, а на исток, патот Струмица- Василево, кои пак се поврзуваат со магистрлниот пат М-6 и со сите главни артерии во градот.

Во внатрешноста на блокот, уличната мрежа е решена во мал обем, а асвалтиран коловоз и донекаде изведени тротоарипокриваат околу 40% од

Визура Увоз-извоз Досел Струмица

блок 5. Во останатиот дел од блокот сообраќајот се одвива по неасвалтирани улици и некатегоризирани полски патеки.

Површината на сообраќајниците, што го зафаќа блок-3, сметано од осовините на периферните улици изнесува 170721м^2, со што зафаќа 4,22% од вкупното земјиште. Нешто поголема површина зафаќа сообраќајната мрежа во блок 5, но со послаб квалитет, односно поголемиот дел е неасватиран пат кој е пробиен донекаде со слепа завршница. Та зафаќа 6.93% од вкупната површина на градежното земјиште.

Електроенергетската мрежа во овој дел на градот е добро решена. Во внатрешноста на блокот е трафостаница, „Север" која се напојува од ТС-Кланица II, со подземни кабли од 10кв. што во целост ги задоволуват досегашните потреби на објектите.

Уличното осветлување е решено само на асвалтираните улици, а останатиот дел е неосветлен и небезбеден за изградените објекти. Низ блок 3 источно минува далновод од 110 KW, надземен вод на бетонски столбови.

Телефонските кабли се подземно инсталирани, а со тој капацитет покриено е целото подрачје што е предмет на планот.

Снабдувањето со вода на блокот не е решано, а постојните објекти се снабдуваат со технолошка вода од сопствени бунари.

Фекалната канализација во блокот не е решена, а објектите имаат изградено септички јами во сопствените дворни места.

5. Опис и образложение на планскиот концепт

Како дел од урбана единица бр. 1, која е оформена со ГУП на градот Струмица, за полесна реализација на истиот, се оформени помали урбани блока, а блок 3 и 5 се во зона за работа, со назнака стопански објекти и потврдување на постојните кои егзистираат подолго време.

Организацијата на просторот во урбаниот блок е во функција на потребите на населението, а произлегува од неговите просторни карактеристики, диспозиција, сообраќајни врски и др. Концепциски со овој план се продолжува досегашното планирање со претходните плански решенија, со дополнување во однос на некои параметри кои се во согласност со важечките стандарди и нормативи за уредување на просторот.

6. Опис и образложение на планските решенија

Во целиот плански опфат кој зафаќа површина од 51,168Ха од кои 26.341Ха блок бр. 3 и 24,827Ха блок бр 5. се организира за развој на стопанство кое опфаќа дејности со помал капацитет и незагадувачки карактер.

Во рамките на урбаниот блок се врши парцелација на градежни парцели со оптимални големини, а во зависност од карактерот на објектот се постига максимално искористување на земјиштето.

-Парцелација, намена на земјиштето:

Во целиот блок 3 се формираат 71, а во блок 5 се формирани 86 градежни парцели. Најмногу место се издвојува за класа на намена, $Г_2$, $Г_3$ и $Г_4$, односно лесна и незагадувачка индустрија, строваришта и сервиси. Сите тие се предвидуваат како варијантни решенија во една површина за градење, како слични и компатибилни дејности. Со тоа се дава право на избор само за една

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СОВЕТ НА ОПШТИНАТА ОПШТИНА СТРУМИЦА
Друштво за проектирање Визура увоз-извоз доел Струмица

од наведените дејности па према тоа се определуваат и компатобилните дејности.

Освен овие прифатени се и постојните дејности, со додавање на нови површини за градење.

Во рамките на сите градежни парцели се прави ограничување на градбата до 60% од парцелата. Повшината за градба која е ограничена со градежни линии, во некои од парцелите, со поголема површина е дадена апроксимативно, и во секоја парцела е поставено минималното растојание помеѓу соседните парцели и регулационата линија. Како услов за отпочнување за постапка за градба ќе биде изработен архитектонско-урбанистички проект, со кој детално ќе биде разработена секоја парцела во однос на хоризонтални и вертикални димензии, како и намена на објектот.

Во склоп на секој блок поединечно се предвидуваат површини за градба, дадени табеларно во нумеричкиот дел од планската документација.

Искористувањето на земјиштето ќе се зголеми и рационално ќе биде искористено, што е наведено во архитектонско – урбанистичките параметри, а тоа по блокови ќе изнесува:

Блок 3. Вкупната површина за градење ќе се зголеми од 10 160m^2, на 147 132м^2 а со развиена површина за градба ќе се добијат 478 987м^2, со што искористувањето на земјиштето (к) се зголемува од 0.5 на 2.19 со целосната реализација на планот.

Блок 5. Вкупната изградена површина ќе се зголеми од 13 235m^2, на 128 613м^2 а со развиена површина за градба ќе се добијат 368 219м^2, па со целосната реализација на планот искористувањето на земјиштето (к) се зголемува од 0.18 на 1.8.

7. Опис на земјиште за општа употреба

* Сообраќај

Блокот, сообраќајно е добро поврзан со сите делови на градот. На југоисточната страна го тангира локалниот пат Л-4, Струмица -Просениково, а на исток, патот Р-610, Струмица - Василево, кои пак се поврзуваат со магистрлниот пат М-6 и со сите главни артерии во градот.

Површината на планираните сообраќајници, што го зафаќа блок-3, сметано од осовините на периферните улици изнесува 34 365м^2, со што зафаќа 18% од вкупното земјиште. Приближно иста површина зафаќа сообраќајната мрежа во блок 5, која изнесува 34 384м^2, или 13.8% од вкупната површина на градежното земјиште.

Планирањето, развојот и изградбата на сообраќајната мрежа ќе се насочува кон овозможување на создавње безбеден и ефикасен систем на движење на луѓе и стока и економично трошење на комуналните фондови за развој и одржување на сообраќајниот систем.

Се предвидува една главна артерија помеѓу двата блока У-1, која е од собирен катактер, ќе ги собира сите индустриски улици и ќе ги приклучува со улици од повисоко ниво. На југ продолжува во соседниот блок, а на север се спојува со улица од исти карактер У-8, пат Р-610, Струмица – Василево. Улицата која го тангираат опфатот од југ У-7 (пат Л-4), е сервисни улици, а сите улици во внатрешноста на двата блока се индустриски. Се предвидуваат и неколку пристапни улици кои ќе завршуваат со „Т" завршеток, за свртување на товарни возила.

Покрај уличната мрежа, ефикасно е решен и статичкиот сообраќај и тоа за секој новопредвиден објект према карактерот на дејноста се предвидува паркиралиште во сопствената парцела и во внатрешноста на предвидените објекти. Према тоа за секоја предвидена површина за градба се предвидува и паркиралишни места према стандарадите и нормативите, кои се табеларно прикажани во нумеричкиот дел на планската документација. Бројот на паркинзите кои се дадени во табелите се одредени во случај на максимална изградена површина за градење.

Према систематизацијата на уличната мрежа, во планскиот опфат улиците се поделени на примарни и секундарни.

Примарните улици се:

- собирни улици:

Улица У-1 со попречен профил од два коловоза од по 6.5м и 2х2.5м тротоари или вкупно 18м.

Улица У-8 со попречен профил од два коловоза од по 6.5м и 2х1.5м тротоари или вкупно 16м.

Секундарните улици се сервисни, индустриски, пристапни и пешачки а тоа се:

-Сервисна улици:

Улица У-7 со попречен профил 7м коловоз и 2х3м тротоари или вкупно 13.0м

- Индустриски улици:

Улица У-2 со попречен профил на еден дел од 7м. коловоз и 2х5м тротори, вкупно 17.0м. мал дел со 7м. коловоз и 2 х 1.5м. тротоари вкупно 10.0м. и со поголем дел 7м. коловоз и 2х 2.5м тротоари или вкупно 12.0м.

Улица У-3 со попречен профил од 7м. коловоз и 2 х 1.5м тротоари вкупно 10.0м и мал дел со 2х2м тротоари или вкупно 11.0м

Улица У-4 со попречен профил од 8м. коловоз, 2.0м тротоар и канал за наводнување 9.0м вкупно 19.0м.

Улица У-5 со попречен профил од 7м. коловоз и 2 х 2.0м тротоари вкупно 11.0м.

Улица У-6 со еден дел попречен профил од 7м. коловоз и 2 х 1.5м тротоари вкупно 10.0м и мал дел со 2х2м тротоари или вкупно 11.0м

Улица У-9 со попречен профил од 7м. коловоз и 2 х 2.0м тротоари вкупно 11.0м.

Улица У-15 со попречен профил од 7м. коловоз и 2 х 2.0м тротоари вкупно 11.0м.

Улица У-16 со попречен профил од 7м. коловоз и 2 х 1.5м тротоари вкупно 10.0м.

- Пристапни улици:

Улица У-11 со попречен профил од 7м. коловоз и 1 х 2.5м тротоар.

Улица У-12 со попречен профил од 7м. коловоз.

Улица У-13 со попречен профил од 7м. коловоз.

Улица У-17 со попречен профил од 7м. коловоз.

- Пешачки улици:

Улица У-14 со попречен профил од 5.0м пешачка патека.

Улица У-18 со попречен профил од 5.0м. пешачка патека.

Покрај уличната мрежа, ефикасно е решен и статичкиот сообраќај и тоа за секој новопредвиден објект према карактерот на дејноста се предвидува паркиралиште во сопствената парцела и во внатрешноста на предвидените објекти. Према тоа за секоја предвидена површина за градба се предвидува и паркиралишни места према стандарадите и нормативите, па паркирањето е целосно решено во склоп на урбаниот блок.

* Елекрични инсталации

Електроенергетската мрежа не ги задоволува потребите на планираните градби во целиот блок. Во наредниот плански период потребна е надградба на надземните инсталациони уреди, трафостаници и улично осветлување, за што подземните кабли од 10kv во целост не ги задоволуват потребите.

Уличното осветлување се предвидува на сите улици, со стандарден број на улични светилки.

Постојните трафостаници ги задоволуват потербите за изградените објекти, а тоа се:

-ТС- Постојна 1 (север) со инст. снага 400 KVA, извод од ТС-КЛАНИЦА II. Изгадена во градежна парцела бр. 27.

-ТС- Постојна 3 (радиостаница) со инст. снага 160 KVA, извод од ТС-СТРУМИЦА I. Изгадена во градежна парцела бр. 75.

-ТС - Постојна 2 (Иво) со инст. Снага 630 KVA, извод од СТРУМИЦА I. Изгадена во градежна парцела бр. 69.

Во опфатот се предвидуваат три дополнителни трафостаници и тоа во новооформени градежни парцели бр. 70 во блок 3, и бр. 82 и 83 во блок 5. ТС-нова 1, 2 и 3 се со инсталирана снага од 630 KVA, со извод од ТС-СТРУМИЦА I.

Дистрибутивната мрежа се состои од AL-FE проводници поставени на бетонски столбови и подземни кабли PP.

Приклучни места се предвидуваат 69 во блок 3 и 81 во блок 5. Приклучувањето ќе се врши од НН мрежа водена подземно по секоја улица. За приклучок се предвидуваат приклучно разводни ормари НКП и МР. Ормарите ќе бидат поставени на регулационите линии, од страна на градежните парцели, кои ќе бидат лесно достапни, а од еден ормар ќе може да се приклучат од 1-5 потрошувачи.

Сите деловни објекти се поврзани со електроенергетската мрежа, а за новите се предвидува поставување на доплнителни каблови за стабилно напојување на истите.

* Водовод и канализација:

На основа на урбанистичкото решение изработено е решението за улична мрежа за водовод атмосферска и фекална канализација. Со оваа решение ќе бидат дедени потребните дијаметри на секундарната мрежа.

Дијаметрите за уличните водоводни линии се пресметани према потребите за санитарна вода која изнесува 450л/ден/ж и према прописите за противпожарна заштита на населението. Од тие причини минималниот дијаметар на улични линии е Ф = 170мм, а само на кратките улици Ф90мм.

Главниот довод е димензиониран на максималната часовна потрошувачка и пожарна количина од 10 л/сек.

Визура увоз-извоз дорел Струмица

Главниот довод треба да биде со пречник Ф 160мм и ќе се приклучи на магистралниот довод ф600. Уличните водоводни линии ќе се водат под тротоарот.

Фекалната канализација во блокот е решена со приклучок на сите објекти на секундарната мрежа, која се поврзува на примарната колекторска мрежа со профил ф-400.

Атмосверската канализација е решена со иста траса на примарната мрежа, со ф-600, на која се приклучени секундарните линии од секундарната улична мрежа.

За одведување на отпадните води предвиден е сепарционен систем на канализација. Фекалната улична канализација е димензионирана за норма на отпадна вода 80% од водоснабдителната вода и за двојниот часов максимум. Пресметковиот период е земен 50 год.

Атмосферската канализација ке се води паралелно со фекалната . Дијаметрите на уличните канали се одредени према рачунскиот дожд од 125 л/сек/час. при што главниот колектор треба да биде со ф 600мм. Секундарните канали ќе се водат по средината на улиците бидејки тие се тесни и треба да се обезбеди доволна одалеченост на каналите од околните објекти за водоводната и канализационата мрежа.

7. Економско образложение

Идниот економски развој е условен од обемот на инвестициите. Како битна основа на идното инвестирање покрај доминантната ориентираност кон производството наменето за извоз, инвестирање во технолошко осовременување на капацитетите, развивање инвестициони проекти претежно со трудоинтензивни карактеристики поради обемната понуда на релативно ефтина работна сила, треба да се истакне и значењето на определбата за продолжување на инвестирање во стопанска инфраструктура, во технолоша модернизација и градба на нови инфраструктурни објекти, но со јасно определена општествена и економска корисност и инвестирање во мрежа на локална и општествена инфраструктура согласно демографските движења и потребата за порамномерен развој во просторот.

Согласно определбите на Просторниот план на Р. Македонија, идниот развој и разместеноста на сите стопански дејности на овој простор треба да базира на примена на принципите и стандардите за заштита на животната средина, особено нивна превентивна примена и спречување на негативните влијанија врз животната и работна средина.

Целосна реализација на блокот се очекува за планскиот период од пет години, односно до 2016год.

Финансирањето на објектите ќе биде на сопствениците на земјиштето.

Финансирањето на инфраструктурата ќе биде должност на општината.

8. Мерки за заштита

8.1 -Мерки за заштита од воени разурнувања

Во овој вид на заштита се предвидуваат плански мерки за заштита на населението во случај на природни непогоди и воена опасност. Тој вид на заштита се обезбедува со проектирање на објектите, статичката пресметка на носивата конструкција и квалитетот на градбата. Во секој објект, дел од

Друштво за проектирање Визура Струмица

подрумските простории и сутеренот да се предвиди и скривница со двонаменска функција.

Согласно Законот за заштита и спасување (Сл.в.на РМ бр. 36/2004), се утврдува заштита и спасување на луѓето и материјалните добра од природни непогоди, епидемии, епизотии, епифитотии и други несреки во мир и војна и од воени дејствија во Република Македонија. Потребное да се применат сите мерки кои се обработени со:

-Закон за одбрана (Сл. в. на РМ бр. 42/2001)

-Законот за заштита и спасување (Сл. в. на РМ бр. 36/2004)

-Уредбата за начинот на изградба, одржувањето и користењето на засолништа и другите заштитни објекти и определувањето потребен број засолнишни места(Сл.в.на РМ бр. 80/2005)

-Други закони кои ја обработуваат оваа проблематика.

8.2-Заштита на животната средина

Со овој вид на заштита се уредуваат правата и должностите на правните и физичките лица, во обезбедувањето услови за заштита и унапредување на животната средина и природата, заради остварување на правото на граѓаните на здрава животна средина.

Со овој план се предвидуваат плански мерки за заштита на животната средина, преку заштитување на водата, воздухот, почвата , зашита од бучава и др.

За оваа заштита потребно е да се применуваат:

-Закон за заштита и унапредување на животната средина И природата (Сл.в.на РМ бр. 13/2003)

-Законот за заштита на природата (Сл.в.на РМ бр. 67/2004)

-Законот за животна средина (Сл.в.на РМ бр. 53/2005),

-Законот за квалитетот на амбиенталниот воздух (Сл.в.на РМ бр. 67/2004),

-Законот за управување со отпадот (Сл.в.на РМ бр. 68/2004),

-Законот за спречување на штетната бучава (Сл.в.на СРМ бр. 21/84),

-Законот за води (Сл.в.на РМ бр. 4/98),

-Уредба за класификација на водите(Сл.в.на РМ бр. 18/99

8.3. Мерки за противпожарна заштита

Согласно Законот за заштита и спасување (Сл. в. на РМ бр. 36/2004) се предвидува и соодветна заштита од пожари, за Што неопходна е примена на

-Упатство за содржината на проектот за заштита од пожари. (Сл.в.на РМ бр. 60/06).

За овој вид на заштита се предвидува соодветна сообраќајна мрежа која обезбедува пристап на моторно возило до непосредна близина на секој објект.

За таа цел улиците ќе бидат со забрана за паркирање и секогаш добро проодни. Инсталациите за водовод ќе бидат димензионирани со профили за брзо и ефикасно гаснење во случај на избувнување на пожар.

Визура

8.4. Мерки за заштита на културно наследство

Поради неможноста да се изврши теренска проспекција која би ги опфатила и долните слоеви на земјиштето се обврзува изведувачот на работите благовремено да го извести НУ Завод и Музеј Струмица, за времето на отпочнување на работите, со што би добиле увид и во стратиграфијата на теренот. Изведувачот се обврзува да го извести НУ Завод и Музеј Струмица и веднаш да ги прекине изведувачките активности доколку наиде на било каков вид движно и недвижно културно наследсто.

За соодветна заштита на културното наследство неопходна е примена на:

- Законот за заштита на културното наследство(Сл.в.на РМ бр. 20/2004) и (Сл.в.на РМ бр. 71/2004).

Во рамките на границите на планскиот опфат потребно е да се применуваат посебни мерки за заштитан на река Водочница. Тој вид на заштита се состои од заштита на реката од испуштување на отпадни води, и други отпадни материи. Од тој аспект треба да се врши оценка на влијанието на природата и околината за сите намени на градби кои се непосредно до реката, со целосна примена на Законот за заштита на природата_(Сл.в.на РМ бр. 67/2004) Законот за води (Сл.в.на РМ бр. 4/98). На овој дел од градот нема регистрирано друг вид на природно и историско наследство.

9. Општи услови за изградба

1.Со овој план се насочува градбата да биде унифицирана, подредена и адаптирана во се према: Закон за просторно и урбанистичко планирање, сл.в. на РМ бр. 24 од 2008год, (пречистан текст). Закон за измена и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање (сл.в. на РМ бр. 91 од 2009год), Правилникот за поблиската содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови, (сл.в. на РМбр.78 од 2006год). Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (сл.в.бр.78 од 2006год,) Правилник за измена и дополнување на правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (сл.в. на РМ бр.140 од 2007год.), Правилник за измена и дополнување на правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (сл.в. на РМ бр.12 од 2009год,). и други закони и подзаконски акти кои обработуваат некои сегменти од областа на урбанистичкото планирање.

2.Максималната височина на предвидените згради до венецот е одредена во зависност од карактерот на парцелата, а таа го означува растојанието од нулта плоча до завршниот венец на градбата (стреа) а за тротоар во пад, мерењето се врши од средината на челната градежна линија.

3.Обликувањето на објектите да биде слободно према убедувањето на архитектот, со максимално вклопување на теренот и вградување на обликовните елементи од околината..

4.Инсталациите за водовод ќе бидат димензионирани со профили за брзо и ефикасно гаснење во случај на избувнување на пожар.

Визура увоз-извоз дооел Струмица

5. Да се обезбеди кружно движење на моторни возила околу објектите во парцелата, или најмногу за два калкански споени објекти ако е така предвидено.

6. Сите подземни инсталации кои не се предвидени со овој план, ќе може да се водат под тротоарите, со претходно изготвен урбанистички проект.

7.Зелени површини се предвидуват во рамките на секоја парцела. Сите слободни површини во склоп на парцелата треба да бидат озеленети со украсно средно и ниско зеленило.

8.Оградувањето на дворните места да биде со огради кои кон улицата ќе изнесуваат 1.2м при што до висина од 60см. може да е полна, а над тоа тарнспарентна. За дворните места каде се предвидува прилепена површина за гардење со соседната парцела, оградата со соседната парцела треба да биде лесна за демонтирање.

9.Во новопредвидените објекти да се предвидат рампи за инвалидизирани лица, а на улиците да се предвидат соборени ивичници и звучна сигнализација на пешачките премини.

10.Регулациона линија е линија на разграничување помеѓу градежно земјиште за општа употреба и парцелирано градежно земјиште за поединечна употреба.

11.Граница на градежна парцела како планска одредба во урбанистички план е линија на разграничување на носители на право на градење помеѓу две соседни градежни парцели.

12.Градежна парцела е ограничен дел од градежно земјиште со ист носител на правото на градење.

13.Наменска зона е ограничена површина на градежно земјиште со иста наменска употреба на земјиштето.

14.Предмет на изработка на урбанистичкиот план ја сочинуваат границите на подрачје вон населеното место, па одредбите се однесуваат за само за тоа подрачје.

15. Градежните парцели се обележани со трочлена номенклатура, каде првиот арапски број е број на градежна парцела, вториот арапски број е број на блок формиран во ГУП и третиот римски број е број на урбана еденица, формирана во ГУП.

10. Посебни услови за изградба

Со овој план се прецизирани условите за градба за секоја од предвидените парцели во урбаните блокови. Секоја од парцелите е нумерирана од 1.3.I; до 71.3.I; во блок бр.3 и од 1.5.I; до 86.5.I; во блок бр.5

Друштво за проектирање Визура увоз-извоз доел Струмица

Планираните услови за градба, како што се: основна класа на намена, компатибилна класа на намена, пристап до парцелата, максималната висина и потребен број на паркиралишни места, дадени се во следните табели разделени по блокови:

БЛОК -3

а) Класи на намена:

